# СТРАТЕГИЈА ЗА КОНСОЛИДАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ 2025 - 2035, СО АКЦИСКИ ПЛАН

Финален нацрт - април 2025 год.

# Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| АКН | Агенцијата за катастар на недвижности |
| АПРЗ | Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството |
| БДП | Бруто домашеен производ |
| VGGT | Доброволни упатства за одговорно управување со земјиште, риболов и шуми во контекст на националната обезбеденост со храната |
| ГИС | Гео-информациски системи |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ЕУ | Европска Унија |
| IUCN | Меѓународна унија за заштита на природата |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| МЕТ | Министерството за економија и труд |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| НСЗРР | Националната стратегија за земјоделство и рурален развој |
| СКЗЗ | Стратегија за консолидација на земјоделско земјиште |
| ПСГ | Постојана советодавна група |
| ПЦ | Посебна цел |
| PJA | Реформа на јавната администрација |
| SWOT | Јаки страни, слабости, можности и закани |
| ФАО | Организација за храна и земјоделство на Обединетите Нации |

# Содржина


Листа на кратенки .......... 2

1. ВОВЕД .......... 6

1.1. Резиме .......... 6

1.2. Усогласеност со националната стратешка рамка и основ за подготвување на Стратегијата за консолидација на земјоделско земјиште 2025 – 2035 .......... 6

1.3. Методолошки пристап .......... 9

1.4. Вклучување на засегнатите страни .......... 9

2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА .......... 11

2.1. Анализа на актуелната состојба со консолидацијата на земјоделското земјиште .......... 11

2.1.1. Земјоделство и рурален развој во Република Северна Македонија .......... 11

2.1.2. Структура на земјоделските стопанства и управување со земјиште во Република Северна Македонија .......... 12

**Структура на земјоделските стопанства** .......... 12

**Земјоделска инфраструктура** .......... 13

**Напуштено земјоделско земјиште** .......... 15

**Земјоделско земјиште во државна сопственост** .......... 16

**Развој на пазарот на земјиште** .......... 16

**Земјоделска продуктивност и конкурентност** .......... 18

**Заштитени подрачја на природата** .......... 18

2.2. Анализа на опкружувањето (СВОТ анализа) .......... 19

2.3. Резултати од спроведувањето на консолидација на земјоделско земјиште во Северна Македонија .......... 21

2.3.1. Национална стратегија за консолидација на земјоделското земјиште 2012-2020 .......... 22

2.3.2. Искуства од консолидацијата на земјиште во текот на 2014 – почеток на 2025 година (имплементација на терен) .......... 23

**Повеќекритериумска проценка на национално ниво** .......... 24

**Студии за оправданост за консолидација на земјиште** .......... 25

**Фаза на планирање на распределбата на земјиште** .......... 26

**Регистрација на правото на сопственост по консолидацијата на земјиштето и градежни работи** .......... 30

2.3.3. Правна рамка за консолидација на земјиштето .......... 31

2.3.4. Институционална рамка, одговорни тела и засегнати страни .......... 31

2.3.5. Јакнење на капацитетите .......... 32

2.3.6. Подигање на јавната свест .......... 33

2.4. Проблеми, предизвици и научени лекции од консолидацијата на земјоделско земјиште во Северна Македонија .......... 33

3. СТРАТЕШКА РАМКА ЗА ПОЛИТИКАТА ЗА КОНСОЛИДАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО ЗА ПЕРИОДОТ 2025-2035 .......... 35

3.1. Визија .......... 35

3.2. Приоритетни области, општа цел и посебни цели ........ 35
3.3. Резиме на политиката и активностите за консолидација на земјиште ........ 39
3.3.1. Зајакнување на правната рамка ........ 40
3.3.1.1. Проширување на опсегот на целите за консолидација на земјиште ........ 40
3.3.1.2. Рационализирање и зголемување на ефикасноста на административните процедури за консолидација на земјиште ........ 41
3.3.1.3. Подобрување на механизмите за активно користење на земјоделското земјиште во државна сопственост во постапките за консолидација на земјиштето ........ 42
3.3.2. Зајакнување на институционалната рамка ........ 42
3.3.2.1. Основање на Агенција за земјиште ........ 42
3.3.3. Зајакнување на финансиското и стратешко планирање ........ 43
3.3.3.1. Финансиско планирање преку Програмата на МЗШВ за финансиска поддршка на руралниот развој ........ 43
3.3.3.2. Воспоставување механизми за финансирање на други институции со цел финансирање на спроведувањето на консолидација на земјиште за посебни намени ........ 44
3.3.3.3. Воспоставување методологија и спроведување на оценка на социо-економските влијанија за постапките на консолидација на земјиште во Егри ........ 45
3.3.4. Ефективна комуникација и видливост за подигнување на јавната свест за консолидација на земјиште ........ 46
3.3.5. Јакнење на капацитетите ........ 46
3.3.5.1. Континуиран развој на капацитетите на Секторот за консолидација на земјоделско земјиште, размена и идентификација на земјишни парцели при МЗШВ ........ 46
3.3.5.2. Развој на капацитетите на Агенцијата за катастар на недвижности ........ 48
3.3.5.3. Систем за сертификација и обуки за вршители на работи во функција на консолидација на земјиште ........ 48
3.3.5.4. Едукација на идни професионалци за консолидација на земјиште ........ 49
3.3.6. Синергија со други политики поврзани со консолидацијата на земјиште ........ 49
3.3.6.1. Интегрирање на консолидацијата на земјиште во Програмата за водостопанство ........ 49
3.3.6.2. Интегрирање на шумската политика со политиката за консолидација на земјиштето 50
3.3.7. Имплементација на постапки за консолидација на земјиште ........ 51
3.3.7.1. Изградба на земјоделска инфраструктура во консолидационите подрачја Трн, Чифлик, Логоварди и Оптичари ........ 51
3.3.7.2. Спроведување на постапка за консолидација по принципот на распределба со промена на границите во Чифлик ........ 52
3.3.7.3. Спроведување на постапка за консолидација по принципот на распределба без промена на границите во Пелагонија ........ 52
3.3.7.4. Спроведување на постапки за повеќенаменска консолидација на земјиште за заштита на природни ресурси и прилагодување кон климатските промени ........ 52
3.3.7.5. Иницирање на нов процес за селекција на консолидациони подрачја за имплементација во фаза II ........ 53
4. РАМКА ЗА СЛЕДЕЊЕ, ОЦЕНУВАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ........ 55
4.1. Табеларен приказ на показателите на успешност ........ 55
4.2. Начин на прибирање на податоците и мерење на показателите на успешност ........ 55

4.3. Надлежни органи задолжени за спроведување, следење, оценување и известување и органи кои учествуваат во процесот на следење, оценување и известување ..... 55
4.4. Постапка и динамика на известување и оценување на постигнатите резултати ..... 56
4.5. Механизми за координација ..... 56
5. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ ..... 57
5.1. Ризици кои би можеле да влијаат врз спроведувањето и постигнувањето на општата и посебните цели ..... 57
5.2. Мерки за справување со ризиците ..... 57
5.3. Начин на ревидирање на акцискиот план ..... 59
6. АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА 2025-2029 ..... 60
7. ИНДИКАТИВЕН ФИНАНСИСКИ ПЛАН ..... 68
Листа на референци ..... 70
Прилог I - ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ОПЕРАТИВНИОТ ПЛАН НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА КОНСОЛИДАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО РАМКИТЕ НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА КОНСОЛИДАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ 2012-2020 СО ИМПЛЕМЕНТИРАНИ АКТИВНОСТИ ДО 2025 ГОДИНА ..... 72
Прилог II – АНАЛИЗА И ПРИБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ЗА ВРЕДНОСТА НА ПОКАЗАТЕЛОТ ..... 82

# 1. ВОВЕД

## 1.1. Резиме

Консолидацијата на земјиштето во европски контекст е инструмент на земјишна политика кој традиционално се применува за подобрување на неефикасната структура на земјоделските стопанства во однос на прекумерна расцепканост на земјиштето и мала просечна големина на стопанствата. Успешните постапки за консолидација на земјиштето резултираат со поголеми земјишни парцели со правилна форма и подобрен пристап до патишта, наводнување и одводнување во зависност од локалните потреби, што придонесува за зголемена продуктивност и конкурентност на фармите.

Првата Стратегија за консолидација на земјиште за периодот 2012–2020, изработена со поддршка од Владата на Кралството Холандија[1], беше усвоена во Северна Македонија во 2012 година. Од тогаш, инструментот за консолидација на земјиштето се спроведува успешно, паралелно со развојот на Националната програма за консолидација на земјиштето. Консолидацијата на земјиштето беше воведена во текот на 2014-2017 година со техничка поддршка од Организацијата за храна и земјоделство при Обединетите нации (ФАО), а доби на интензитет со финансиската поддршка од Европската унија (ЕУ) во текот на 2017-2022 година, во рамки на ЕУ проектот "Воведување на Национална Програма за консолидација на земјиште'' (МЕИНЛЕНД) кој беше имплементиран од ФАО.

Владата на Република Северна Македонија ја препознава, во согласност со Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2021-2027 година, потребата од инструментот за консолидација на земјиштето за подобрување на неефикасните структури на фармите, враќање на напуштеното земјиште во производство и придонес кон одржливо користење на природни ресурси вклучително и земјоделско земјиште. Консолидацијата на земјиштето има голем потенцијал да го поддржи не само развојот на земјоделството, туку и да придонесе за спроведување на проекти од јавен интерес, поврзани со адаптација и ублажување на климатските промени, обновување на природата, заштита на животната средина. Консолидацијата на земјиштето со повеќенаменски пристап се планира позначително да се развива во периодот 2025-2035 година.

## 1.2. Усогласеност со националната стратешка рамка и основ за подготвување на Стратегијата за консолидација на земјоделско земјиште 2025 – 2035, со Акциски план

Стратегијата за консолидација на земјоделско земјиште 2025 – 2035 годин, со Акциски план е усогласена со Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/2023 и 177/2024 ) или поконкрентно:

- *Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого преку остварување на целите за одржување на солиден економски раст, ефикасна*

[1] преку проектот ЕМЕРАЛД (Encouraging Macedonia's Endeavours to Rural Land Development), 2008-2009 год., и проектот СТИМЕРЛАД (Strategy and Institution Building for Macedonia's Endeavours to Rural Land Development), 2010-2011 година, имплементирани од Холандската агенција за управување со земјиштето и водите DLG и Холандската развојна агенција SNV Macedonia

*распределба, транспарентност и отчетност на јавните ресурси и зголемен мониторинг во користењето и располагањето на јавните средства, како и намалување на разликите во развојот меѓу и во планските региони и зголемување на нивната конкурентна способност.*

Истата придонесува кон исполнувањето на националните развојни цели од Националната развојна стратегија 2024-2044 (НРС), усвоена од Собранието на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 222/2024), поточно придонесува кон исполнување на националната развојна цел: „Зајакнување на конкурентноста и развојот на земјата преку функционален и иновативен екосистем, усовршување на вештините, знаењето, вклученоста и отпорноста на граѓаните".

| **Стратешка област (НРС 2024-2044)** | **Цел (НРС 2024-2044)** | **Приоритет (НРС 2024-2044)** |
|---|---|---|
| Одржлив локален и регионален развој што обезбедува кохезија | Намалени диспаритети во регионите и меѓу регионите | НАСЕЛЕНИ МЕСТА СО РАЗВИЕНА ИНФРАСТРУКТУРА И ДИНАМИЧЕН СОЦИОЕКОНОМСКИ И КУЛТУРЕН ЖИВОТ<br>Зајакнување на руралните средини, а со стратешко усогласување на развојните напори со локалните ресурси и можности за да се подобри безбедност на храната, еколошката одржливост и економски просперитет во руралните области. Промовирање на рурален развој за регионите и со придонес кон севкупната земјоделска и економска отпорност на државата. |
| Демографска ревитализација и социјален и културен развој | Балансирани и одржливи демографски движења | ДЕМОГРАФСКИ РЕВИТАЛИЗИРАНИ РУРАЛНИ МЕСТА<br>Развој на руралната инфраструктура со зајакнување на услугите, поттикнување на развојот на агробизнисот и диверзификација на руралната економија. Промовирањето на одржливо земјоделство и еколошките практики кои може да ги привлечат помладите генерации назад во руралниот живот, притоа зачувувајќи ги културните традиции и наследство. |
| Зелена трансформација | Здрава и чиста животна средина | РАЦИОНАЛНО КОРИСТЕЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ И ВИСОКА СВЕСТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА<br>Одржлив пристап во користење на земјиштето и водните ресурси |

Стратегијата за консолидација на земјоделско земјиште 2025 – 2035, со Акциски план е усогласена со Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023-2030 со Акциски План 2023-2026, и е во согласност со посебна цел 3.1: „Кохерентна и оптимизирана државна управа" која поддржува реорганизација на државната управа која ќе започне преку пилотирање во три министерства, меѓу кои и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно препораките од Интегрираниот извештај за државна реорганизација и потребата од структурна промена на истите.

Стратегијата за консолидација на земјоделско земјиште 2025 – 2035 година произлегува од Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2021-2027 (НСЗРР), која е основен стратешки документ за развој на земјоделскиот сектор. Стратегијата има за цел да придонесе кон исполнување на следните стратешки и специфични цели на НСЗРР 2021 - 2027:

| **Стратешка цел (НСЗРР)** | **Специфични цели (СЦ) (НСЗРР)** |
|---|---|
| **Подобрување на конкурентноста на земјоделскиот сектор,** | СЦ1. Поддршка на одржливиот приход на земјоделските стопанства заради нивен придонес кон унапредување на обезбеденоста со доволно храна |

| | |
|---|---|
| **економската одржливост и приходот на земјоделските стопанства** | СЦ2. Зајакнување на пазарната ориентацијата и зголемување на конкурентноста, со особен фокус на истражувањето, технологијата и дигитализацијата |
| **Примена на еколошки практики во производството кои водат кон намалување на влијанието на климатските промени и прилагодување кон истите** | СЦ4. Придонес кон ублажување на климатските промени и прилагодување кон истите, како и поголема примена на одржливата енергија |
| | СЦ5. Поттикнување на одржлив развој и ефикасно управување со природните ресурси како што се вода, почва и воздух |
| | СЦ6. Придонес кон заштита на биодиверзитетот, подобрување на услугите на екосистемот и зачувување на природните живеалишта и пределите |
| **Обезбедување на одржлив развој на руралните средини** | СЦ7. Привлекување на млади земјоделци и олеснување на развојот на бизнисите во руралните средини |
| | СЦ8. Промовирање на вработување, раст, социјална вклученост и локален развој во руралните средини, вклучително и био-економија и одржливо шумарство |

Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија (2024-2028) го идентификува користењето и управувањето со земјоделско земјиште како битен приоритет и има за цел надградување на политиките за поефикасно управување со земјоделско земјиште, интензивирање на процесот на консолидација и формирање на Агенција за управување со земјоделско земјиште.

Подготовката на втората Стратегија за консолидација на земјиштето за периодот 2025-2035, со Акциски план е поддржана од Европската Унија и ФАО[2] и се базира на наодите од извршената проценка на постигнатите резултати спроведена во рамките на проектот: „Унапредување на консолидацијата на земјиште во Северна Македонија (GCP/MCD/008/EC)". Стратегијата се очекува да го води континуираниот развој на инструментот и Програмата за консолидација на земјиштето.

Документот во Поглавје 2 вклучува методолошки пристап на подготовка на стратегијата за консолидација на земјиште 2025-2035, анализа на моменталната состојба поврзана со консолидацијата на земјиштето и ги презентира искуствата од спроведувањето на проектот за консолидација на земјиштето во текот на 2012-2024 година. Поглавје 2 вклучува и SWOT анализа на моменталната состојба во Северна Македонија во однос на спроведувањето на консолидацијата на земјиште. Стратешката рамка за политиката за консолидација на земјиштето, вклучувајќи ја визијата, приоритетната област, општата цел и посебните цели за спроведување на постапките за консолидација на земјиштето е дадена во Поглавје 3. Ова поглавје исто така дава осврт на планираната имплементација на политиката за консолидација на земјоделско земјиште и активностите поврзани со законските и институционалните рамки, финансиското планирање, подигањето на свеста и градењето на капацитетите за консолидација на земјиштето. Рамката за следење, оценување и известување, управувањето со ризици, акцискиот план за спроведување на стратегијата и индикативниот финансиски план се дадени во наредните поглавја (поглавја 4, 5, 6 и 7). Клучните резултати од претходниот стратегиски период 2012 – 2020 и периодот после тоа се прикажани во Прилог I, додека податоците за вредноста на показателите во Прилог II.

[2] *Техничка помош на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за подготовката на стратегијата беше обезбедена од ФАО преку проектот финансиран од ЕУ: "Унапредување на консолидацијата на земјиштето во Северна Македонија" (GCP/MCD/008/EC).*

## 1.3. Методолошки пристап

Стратегија за консолидација на земјоделско земјиште за период 2025-2035 со Акциски план 2025-2029 е подготвена во согласност со стандардите и критериумите за квалитет утврдени со Методологија и Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии, како и координацијата со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија како координатор на процесот на планирање на матичните буџетски корисници со цел развивање на секторското планирање и обезбедување на унифициран систем за подготвување и следење на спроведувањето на секторските стратегии согласно утврдените критериуми во однос на усогласеноста и конзистентноста на политиките утврдени во планските документи, запазување на утврдената форма и содржината при нивното креирање.

Истата се изработи во рамките на проектот „Унапредување на консолидацијата на земјоделско земјиште во Северна Македонија“ (GCP/MCD/008/EC и TCP/MCD/3901), финансиран од Европската Унија и ФАО, обезбедувајќи поврзаност со контекстот на рурален развој и програмите за поддршка“.

Стратегијата беше изготвена од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ), во тесна соработка со Постојаната советодавна група (ПСГ), Работната група за земјишна политика (РГЗП) и други засегнати страни со поддршка на меѓународни и национални експерти од ФАО. Формулацијата на Стратегијата за консолидација на земјиштето 2025-2035 започна во февруари 2023 година по воспоставувањето на ПСГ. Во изминатиот период беше организиран настан за отпочнување на подготовката на Стратегијата на 25 април 2023 година по што се одржаа два состанока со ПСГ и РГЗП на 16 февруари 2023 и 25 октомври 2023 година, каде што се дискутираше за процесот на развој на новата Стратегија за консолидација на земјиштето 2025-2035. Во декември 2023 година беа изготвени нацрт-структурата и целите на стратегијата кои се презентираа на третата средба на ПСГ и РГЗП, одржана на 22 јануари 2024 година. Поширока работилница за консултации со засегнатите страни се одржа на 13 февруари 2024 година, проследена со осум консултативни состаноци со релевантните сектори на МЗШВ одржани во текот на јануари и февруари 2024 година. На 15 март 2024 година беше спроведена работна сесија за подготовка на SWOT анализа и утврдување на приоритетни активности за Акцискиот план.

## 1.4. Вклучување на засегнатите страни

За вклучување на сите релевантни засегнати страни и со цел да се земе предвид мислењето и придонесот од сите заинтересирани страни, беа спроведени голем број консултации во текот на подготовката на новата Стратегија за консолидација на земјоделско земјиште 2025-2035. Преку примена на различни методи и пристапи на вклучување на засегнатите страни, процесот на развој на Стратегијата беше инклузивен, транспарентен и поткрепен со придонес од различни засегнати страни. Методите за вклучување на засегнатите страни вклучија промотивен настан за започнување на процесот на подготовка на новата Стратегија за консолидација на земјиштето 2025-2035, со Акциски план, технички состаноци со релевантни претставници од различни сектори на МЗШВ и национални и регионални работилници.

Настанот за започнување на процесот на подготовка на новата Стратегија за консолидација на земјоделско земјиштето 2025-2035, со Акциски план, се одржа на 25 април 2023 година во Europe House, Скопје со што официјално се означи почетокот на подготовката на стратегијата и се претставија нејзините цели и процесот на нејзина подготовка. Започнувањето на процесот на подготовка на Стратегијата за консолидација на земјоделско земјиштето 2025-2035, со Акциски план беше објавено на веб страницата на МЗШВ, на веб страницата на ФАО проектот,

на веб страницата на Обединети Нации за Северна Македонија, и пренесено од повеќе медиуми во земјава.

Во текот на процесот на подготовка на стратегијата, одржани беа три состаноци со Постојаната советодавна група и Работната група за земјишна политика и тоа првиот состанок кој се одржа на 16 февруари 2023 година, имаше за цел воведување во стратегијата и презентацијата на потребата и целта за изготвување на стратегијата. Вториот состанок, на 25 октомври 2023 година, беше посветен на резултатите од спроведувањето на претходната стратегија (2012-2022), како и утврдените проблеми и предизвици во текот на нејзината имплементација. Третиот состанок, одржан на 22 јануари 2024, беше насочен кон дискусија за општата и посебните цели на новата стратегија.

Работна сесија и осум консултативни состаноци беа одржани со различни сектори на МЗШВ, кои се тесно поврзани и имаат улога во имплементирањето на новата Стратегија за консолидација на земјоделско земјиште во периодот 2025-2035 год. На 15 март 2024, беше спроведена работна сесија за SWOT анализа и определување на приоритетни активности за имплементацијата на стратегијата.

Работилници за консултации со засегнатите страни беа организирани со цел вклучување на сите засегнати страни во процесот на изработка на Стратегијата за консолидација на земјиштето 2025-2035, со Акциски план, што придонесе за инклузивност и сеопфатност на предложените мерки и активности. Првата национална работилница се одржа на 13 февруари 2024 година во хотел Holiday Inn, со учество на претставници од засегнати државни органи, единиците на локалната самоуправа, организациите на граѓанското општество, стручната јавност и други засегнати страни. Настанот беше објавен на веб страницата на МЗШВ и на веб страницата на ФАО проектот.



*Слика: Работилница за консултации со засегнатите страни, одржана на 13 февруари 2024 година во хотел Holiday Inn, Скопје*

Четири регионални работилници се одржаа од 10 до 12 јуни 2024 година во Свети Николе, Кочани, Струмица и Битола. Овие работилници имаа за цел да ја презентираат нацрт-стратегијата и да соберат повратни информации од засегнатите страни и земјоделците во регионите. Присутни беа претставници од локални земјоделски организации, индивидуални земјоделци, локални самоуправи, подрачни канцеларии на МЗШВ, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ), ЈП за пасишта, геодетски компании, Локални акциски

групи (ЛАГ) и други клучни регионални засегнати страни. Настаните беа објавени на веб страницата на МЗШВ и на веб страницата на ФАО проектот.

# 2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

## 2.1. Анализа на актуелната состојба со консолидацијата на земјоделското земјиште

### 2.1.1. Земјоделство и рурален развој во Република Северна Македонија

Земјоделскиот сектор во Северна Македонија игра клучна улога во економијата на земјата, придонесувајќи за обезбеденост со храна, поттикнувајќи го руралниот развој и целокупната социо-економска состојба на земјата.

Во 2020 година, примарниот земјоделски сектор учествувал со околу 9% во Бруто Домашниот Производ (БДП) и со околу 10% во вкупниот извоз. Придонесот на овој сектор во вкупниот економски раст бележи благо опаѓање во периодот помеѓу 2011 и 2020 година, што се должи на повисоката додадена вредност од другите економски сектори. Северна Македонија извезува овошје и зеленчук, тутун, пијалоци (најчесто вино) и овчо месо. Примарниот трговски биланс на земјоделството се подобрува од 2014 година. Севкупно, учеството на земјоделско-прехранбениот сектор (вклучувајќи ја и преработката на храна) во националниот БДП е околу 12% во 2020 година.[3]

Освен што има значаен придонес во БДП, земјоделството исто така е главен сектор за вработување, обезбедувајќи вработување на околу 13,9% (заедно со шумарството и рибарството)[4] од националната работна сила во 2019 година. Има важна функција за ублажување на социјалните и економските предизвици во руралната економија, бидејќи 45% од населението живее во рурални средини и многу луѓе главно се потпираат на земјоделството, како главна форма на приход и задоволување на личните потреби за храна.

Недостатокот на долгорочни инвестиции во руралните средини, особено во малите и економски слабите општини, придонесуваат за пад на квалитетот и на физичката и на социјалната инфраструктура. Оваа ситуација има значителни последици, што влијае на севкупниот квалитет на живот на жителите и поставувајќи предизвици за конкурентноста и одржливоста на овие средини.

Според Проценката на ранливоста на секторот земјоделство, развиена за време на подготовката на Третиот национален план за климатски промени[5], земјоделството е многу ранливо на климатските промени и се очекува да претрпи негативни ефекти од промените во температурата, врнежите и зачестеноста на екстремни настани како што се суши, поплави и шумски пожари. Овие настани, вклучително и намалените врнежи, најверојатно ќе резултираат

[3] *World Bank, 2022. Green Growth in North Macedonia's Agriculture Sector.*
[4] *Република Северна Македонија , 2021. Инструмент за претпристапна помош на ЕУ (ИПА), Програма за рурален развој 2021 2027. Скопје.*
[5] *МЖСПП, 2014. ТРЕТ национален план за климатски промени, Скопје . 275 стр.*

со губење на горниот слој на почвата и намалување на севкупниот квалитет на почвата, намалено производство на биомаса и принос на културите и ограничена достапност на сточна храна. Климатските промени се очекува негативно да влијаат врз приносите во земјоделството до 2050 година, особено на повеќегодишните и летните култури[6].

## 2.1.2. Структура на земјоделските стопанства и управување со земјиште во Република Северна Македонија

### Структура на земјоделските стопанства

Од вкупниот фонд на обработливо земјиште во земјата кој изнесува 577.622 хектари (ха) обработливо земјиште и пасишта 700.605 ха, околу 60% односно 18% соодветно, се во приватна сопственост.

Во структурата на земјоделските стопанства во Северна Македонија доминираат мали семејни земјоделски стопанства. Вкупниот број на земјоделски стопанства во Северна Македонија во 2016 година изнесувал 178.125 единици кои користат вкупно 320.738 ха земјоделско земјиште. Помеѓу 2013 и 2016 година, бројот на земјоделски стопанства е зголемен за 4,2%[7]. Просечната големина на земјоделско стопанство во земјата е околу 1,8 – 1,9 ха, со просечно 5,8 земјишни парцели по земјоделско стопанство (види Табела 1). Просечната големина на парцелите со земјоделско земјиште во приватна сопственост е приближно 0,32 ха, додека парцелите во државна сопственост имаат просечна големина од 0,56 ха.

| | **Регистар на земјоделски стопанства 2017** | **Структурно истражување за земјоделските стопанства, 2016** |
|---|---|---|
| Вкупен број на земјоделски стопанства | 161.657 | 178.125 |
| Вкупна искористена земјоделска површина од земјоделските стопанства (ха) | 308.025 ха | 320.738 ха |
| Просечна површина по земјоделско стопанство | **1.9 ха** | **1.8 ха** |
| Вкупен број на земјоделски парцели | 937.699 | недостапен податок |
| Просечен број на парцели по земјоделско стопанство | **5,8 парцели** | недостапен податок |
| Просечна големина на парцела (ха) | 0.32 ха | недостапен податок |

*Табела 1: Споредба помеѓу податоците од регистарот на земјоделски стопанства и податоците од истражувањето за структурата на земјоделските стопанства. Извор: ФАО (2023).*

Структурите на земјоделските стопанства во Северна Македонија се поларизирани, со неколку големи корпоративни земјоделски стопанства, каде што околу 0,1% од сите земјоделски стопанства поголеми од 100 ха обработуваат околу 32% од целокупното земјоделско земјиште.[8] Распределбата на искористеното земјоделско земјиште и земјоделски стопанства по класи на големина е претставена на Слика 1.

---

[6] *United Nations Economic Commission for Europe, 2019. North Macedonia Environmental Performance Reviews.*

[7] *FAO. 2023. Analysis of land abandonment and development of agricultural land markets in the Republic of North Macedonia – Conclusions and policy recommendations (TCP/MCD/3802).*

[8] *ДЗС , 2017. Структурно истражување за земјоделските стопанства, 2016.*




*Слика 1 Искористена земјоделска површина и земјоделски стопанства по класи на големина. Извор: Структурно истражување на земјоделски стопанства 2016 година*

Структурно истражување на земјоделските стопанства спроведено од Државен завод за статистика (ДЗС) во 2016 година, дава податоци и за учеството на земјоделското земјиште што го користат сопствениците на земјиштето преку договори за закуп. Од сите 320.738 ха искористено обработливо земјоделско земјиште, во 2016 година, 68% од земјиштето е користено од сопственикот на земјиштето, а 32% преку договори за закуп. Во однос на земјиштето што го користат индивидуалните земјоделски стопанства, дури 78% го користеле сопствениците, а само 22% биле под закуп. За земјоделско земјиште што го одгледуваат корпоративните земјоделски стопанства (деловни субјекти), само 10% од земјиштето било во сопственост, додека 90% било под закуп, најчесто преку долгорочни договори за користење на големи површини земјоделско земјиште во државна сопственост[9].

Земјиштето во Северна Македонија бележи високо ниво на расцепканост и во однос на сопственичката структура и во однос на користењето на земјиштето. Расцепканоста на земјиштето и малите земјоделските стопанства негативно влијаат на продуктивноста, конкурентноста и ефикасноста на земјоделските стопанства, попречувајќи ја натамошната модернизација и економија на обем. Земјишните парцели на едно земјоделско стопанство често се наоѓаат на релативно голема оддалеченост од домаќинството и едни од други.

## Земјоделска инфраструктура

Капацитетот на инсталираните системи за наводнување во Северна Македонија, во моментов опфаќа 144.900 ха обработливо земјоделско земјиште, од вкупната планирана површина од околу 164.000 ха (51,1% од искористеното земјоделско земјиште) во времето на изградбата[10].

Сепак, податоците покажуваат дека фактичката наводнувана површина се движи само помеѓу 20.000 до 25.000 ха годишно на национално ниво како тренд во изминатата деценија (Слика 2).

[9] *FAO. 2023. Analysis of land abandonment and development of agricultural land markets in the Republic of North Macedonia – Conclusions and policy recommendations (TCP/MCD/3802).*

[10] *Република Северна Македонија, 2022. Инструмент за претпристапна помош на ЕУ (ИПА), Програма за рурален развој 2021-2027.*




*Слика 2 Вкупни наводнувани површини кои ги опслужуваат државните системи за наводнување врз основа на регистрирани корисници на вода (Извор: МЗШВ, 2023)*

Во согласност со податоците добиени од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) во 2022 година, само околу 7,2 % од искористеното земјоделско земјиште всушност било наводнувано поради влошената состојба на системите за наводнување.[11]

Со текот на времето, состојбата на системите за наводнување и инфраструктурата, изградени пред повеќе од 40 години, брзо се влошува поради лошото одржување и недостатокот на средства за санација, што доведува до намалување на фактичката наводнувана површина. Лошата состојба на инфраструктурата за наводнување, застарената технологија и недоволните вештини кај персоналот што управува со инфраструктурата доведоа до неефикасно и несигурно водоснабдување[12]. Поради околностите кои преовладуваат, се поголем број земјоделци бараат алтернативни извори на вода со дупчење бунари, вадење вода од блиските потоци или неовластено наводнување од мрежите за наводнување.

Одводната мрежа која покрива вкупна површина од 81.930 ха земјоделско земјиште, не се одржува редовно, додека растот на вегетацијата придонесува за намалување на капацитетот на на каналите за одводнување и дефекти во системите што доведува до појава на поплави[13]. Дополнително, повеќето земјишни парцели немаат формален пристап до патиштата и тоа предизвикува конфликти меѓу земјоделците бидејќи тие се принудени да пристапуваат преку приватни имоти и делови кои се веќе под земјоделско производство за да стигнат до нивните парцели.

Препознавајќи ги климатските промени како главен предизвик, националните стратешки документи предлагаат модерни системи за наводнување како клучна практика за адаптација,

[11] *Ibid.*

[12] *Junna, M. R. 2016. Study of irrigation sector in the Former Yugoslav Republic of Macedonia.*

[13] *Република Северна Македонија , 202 1 . Инструмент за претпристапна помош на ЕУ (ИПА), Програма за рурален развој 2021 2027.*

предлагајќи мерки како што се инвестиции во инфраструктурата и техники за заштеда на вода[14].

## Напуштено земјоделско земјиште

Напуштањето на обработливо земјоделско земјиште е широко распространето во Северна Македонија. Министерството за земјоделство, шумарство и водостпанство, поддржано од Организацијата за храна и земјоделство при Обединетите нации (ФАО), во текот на 2022-2023 година разви и тестираше методологија за идентификување на напуштеното земјоделско земјиште, користејќи различни извори на податоци.[15] Последователно, беше воспоставен систем за следење на напуштено земјиште, поставувајќи ја основата за спроведување на мерки за намалување на напуштеното земјиштето.




*Слика 3 Процент на напуштено земјоделско земјиште во Северна Македонија по регион во 2020 година*

Резултатите од спроведената анализа за степенот на напуштеност на земјиштето покажуваат дека напуштено обработливо земјоделско земјиште во земјава изнесува 32% (вклучувајќи приватно и државно земјиште). Нивото на напуштеност на земјиштето е поголемо во западниот дел на земјата и во планинските подрачја и општини, а помало во подрачјата со висок квалитет на почвата и добар потенцијал за земјоделско производство. Процентот на напуштеност на

[14] *FAO, 2021. Draft National Irrigation and Drainage Strategy (TCP/MCD/3705).*

[15] *FAO. 2023. Analysis of land abandonment and development of agricultural land markets in the Republic of North Macedonia – Conclusions and policy recommendations (TCP/MCD/3802).*

земјиштето се движи од 55 % во Југозападниот регион и до само 11% од вкупното обработливо земјоделско земјиште во Југоисточниот регион на земјата.[16]

Напуштањето на земјиштето во Северна Македонија, како и во другите земји во регионот, е последица на повеќе комплексни фактори како што се социјални, економски и еколошки, што доведува до недоволна искористеност на земјиштето.[17] Неефикасните структури на малите земјоделски стопанства, прекумерната расцепканост на земјиштето, нискиот обрт на пазарот на земјиште, стареењето на руралното население, миграцијата на младите, зависноста од вода и наводнување, лошото функционирање на земјоделските вредносни синџири и зголемената деградација на земјиштето, се основните причини кои придонесуваат за овој комплексен проблем.

## Земјоделско земјиште во државна сопственост

Анализата спроведена во 2019 година покажува дека 41% од целото обработливо земјоделско земјиште во Северна Македонија е во сопственост на државата (240.000 ха од вкупно 577.000 ха)[18]. Државното земјиште се распределува или во големи блокови (парцели), кои вообичаено се издаваат на големи корпоративни земјоделски стопанства со долгорочни договори за закуп или во мали и расцепкани парцели со просечна големина од 0,56 ха. Малите државни парцели често се неискористени или неформално користени од соседните земјоделци. Почнувајќи од 2022 година, приближно 135.000 ха се дадени под закуп на 9.500 закупци, од кои приближно 56.000 ха се наоѓаат во големи блокови, додека останатите се мали парцели дадени под закуп главно на индивидуални земјоделци или мали трговски субјекти. Се проценува дека околу 105.000 ха државно земјоделско земјиште е сè уште незакупено. Главно, ова е земјиште расцепкано на мали парцели, дел од него напуштено и веќе во процес на пренамена за други цели, на пример, самозасадена шума или пренаменето во урбано земјиште. Оттука, без прецизни податоци, реално е да се претпостави дека околу 150.000 ха државно земјиште, делумно дадено под закуп, а делумно неискористено или неформално искористено, е распределено во мали и расцепкани парцели на обработливо земјоделско земјиште.[19]

Големите површини на обработливо земјоделско земјиште во државна сопственост даваат одлични можности за спроведување на активна земјишна политика за подобрување на структурата на земјоделските стопанства, за справување со напуштањето на земјиштето и за олеснување на развојот на пазарот на земјиште. Вклученоста на државното земјиште ќе ја зголеми мобилноста на земјиштето и површината на земјиште достапно за 1) изградба на земјоделска инфраструктура, 2) окрупнување на земјоделските стопанства и 3) за реализација на проекти од јавен интерес каде земјоделското земјиште во приватна сопственост е изземено од процесот на производство при планирање на распределба  на земјиштето. Ова значително може да го олесни процесот и да придонесе за севкупниот успех на постапките за консолидација на земјиштето.

## Развој на пазарот на земјиште

Функционалните пазари на земјоделско земјиште, преку нивната улога за трансфер, се фундаментални за развојот на земјоделството, вклучително и во решавањето на проблемите со неефикасните структури на земјоделските стопанства, напуштеното земјиште, обезбедувањето земјиште за проекти од јавен интерес, пристап до земјиште за млади земјоделци, развивање

---

[16] *исто.*

[17] *исто.*

[18] *FAO (2019): Report on management and sale of state-owned agricultural land. Unpublished project report prepared under TCP/MCD/3701/C1.*

[19] *Hartvigsen, M., Mitic-Arsova, K., Gorgan, M. & Georgievski, K. 2023. Lessons learned from the introduction of land consolidation in North Macedonia during 2014–2023. Budapest, FAO.* https://doi.org/10.4060/cc7573en

на земјоделските стопанства во комерцијални семејни стопанства, спроведување на редистрибутивни земјишни реформи, и е предуслов за примена на инструменти за управување со земјиштето како што е консолидација на земјиштето.

Институцијата надлежна за воспоставување и водење на регистарот и катастарот на недвижностите е Агенцијата за катастар на недвижности (АКН). Во 2016 година, АКН започна да известува за пазарните трансакции на земјоделско земјиште, односно за цените наведени во договорите за продажба или закуп заверени на нотар, со што се зголеми транспарентноста на информациите за пазарот на земјиште. Табела 2 ги прикажува клучните показатели на пазарот на продажба за периодот 2016-2020 година. Таканаречениот обрт на земјиште е клучен показател за нивото на активност на продажниот пазар на земјиште и се мери како процент од целото (обработливо) земјоделско земјиште во земјата кое го менува сопственикот во одредена година преку трансакции за купопродажба.[20]

| Година | Истргувани хектари | Просечна цена евра/ха | Број на трансакции | Просечна ха/ трансакција | % од вкупното приватно земјиште (годишен обрт на земјиштето)[21] | % од вкупната приватна искористена земјоделска површина[22] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2016 | 1.881 | 19.139 | 5.856 | 0,32 | 0,54 | 0,69 |
| 2017 | 1.537 | 19.244 | 5.442 | 0,28 | 0,44 | 0,56 |
| 2018 | 1.969 | 25.029 | 6.594 | 0,30 | 0,56 | 0,72 |
| 2019 | 1.612 | 27.035 | 5.247 | 0,31 | 0,46 | 0,59 |
| 2020[23] | 1.873 | 23.285 | 5.480 | 0,34 | 0,5 | 0,7 |

*Табела 2. Перформанси на пазарот за продажба на земјоделско земјиште*

Просечниот годишен обрт на земјиштето од околу 0,5% покажува релативно стабилен пазар на земјиште во годините за кои се известува. Во овој период, во просек, годишно се тргувале околу 1.700 ха, со просечната големина на парцелата што се тргува од околу 0,3 ха. Во периодот од 2016 до 2020 година, просечната продажна цена на земјоделското земјиште е зголемена (*Табела 2*) со највисок пораст на цените од 23 %, забележан во 2018[24] година. Така, може да се заклучи дека пазарот за продажба на земјоделско земјиште во Северна Македонија функционира, но сè уште е слаб, со релативно мал број на годишни трансакции. Евидентно е дека многу од продажните трансакции со земјоделско земјиште не се водени од земјоделски цели, туку од очекувањата дека користењето на земјиштето во иднина може да се намени за неземјоделски цели, како што е урбаниот развој. Тоа се одразува и на високите пазарни цени.

За споредба, во периодот 1997-2007 година, Белгија, Италија, Франција и Финска вообичаено тргувале помеѓу 1 % и 2 % годишно од нивната вкупно искористена земјоделска површина. Во Кралството Холандија тргувале помеѓу 2% и 4 % во истата временска рамка.[25] Во Литванија е забележан промет на приватно земјиште од приближно 3 % годишно во периодот од 2000 до 2003 година, но оваа стапка значително се зголемила на 5-7 % откако земјата се приклучила

[20] *FAO. 2023. Analysis of land abandonment and development of agricultural land markets in the Republic of North Macedonia – Conclusions and policy recommendations (TCP/MCD/3802).*

[21] *Извор: Агенција за катастар на недвижности (АКН).*

[22] *Државен Завод за Статистика, 2017. Структурно истражување за земјоделските стопанства, 2016.*

[23] *Податоците за целата година екстраполирани од првите 3 квартали.*

[24] *FAO. 2023. Analysis of land abandonment and development of agricultural land markets in the Republic of North Macedonia – Conclusions and policy recommendations (TCP/MDLC/3802)*

[25] *Gorgan, M. & Hartvigsen, M. 2022. Development of agricultural land markets in countries in Eastern Europe and Central Asia. Land Use Policy, 120, 2022, 106257.*

кон Европската унија во 2004 година. Во Чешка, просечниот годишен обрт на приватно тргувано земјиште било околу 0,3 % од вкупната земјоделска површина во периодот од 1993 до 2001 година. Сепак, по 2002 година, овој промет се зголемил на 1,5 % и на 3,3 % во 2005 година по пристапувањето на земјата во Европската унија.[26]

## Земјоделска продуктивност и конкурентност

Структурните проблеми во земјоделството со мали земјоделски стопанства, прекумерна расцепканост на земјиштето, недостигот на вода и потреба од модерни системи за наводнување и релативно слаб пазар на земјоделско земјиште во Северна Македонија, негативно влијае на продуктивноста, конкурентноста и ефикасноста на земјоделските стопанства, попречувајќи ја натамошната модернизација, специјализација и економии од обем.

Производството на мали парцели не е исплатливо, често се карактеризира со висок сооднос на фиксни трошоци по единица земјиште и низок приход. Следствено, за таквите земјишни парцели станува предизвик да служат како значителен производствен капацитет за започнување или одржливо продолжување на земјоделските активности.[27]

Од воведувањето, консолидацијата на земјиштето во Северна Македонија се спроведува врз основа на јасно идентификувана локална потреба и побарувачка со главна цел да се подобри структурата на локалните земјоделски стопанства во консолидационите подрачја преку намалување на расцепканоста на земјиштето и окрупнување на земјоделските стопанства на доброволна основа. Резултатот е намален број на земјишни парацели, кои се окрупнети и имаат поправилна форма, што овозможува зголемена продуктивност и конкурентност на земјоделските стопанства. Меѓународните искуства покажуваат и дека јавните инвестиции во консолидација на земјиштето ги зајакнуваат приватните инвестиции во земјоделството на ниво на земјоделско стопанство.[28]

Европските искуства покажуваат дека инструментите за консолидација на земјоделско земјиште преку подобрување на неефикасните структури на земјоделските стопанства можат да имаат голем потенцијал да го зајакнат локалното производство на храна, да го решат напуштањето на земјиштето и на овој начин позитивно да влијаат на обезбеденоста со храна во земјата.[29] Покрај тоа, инструментот има потенцијал значително да придонесе за поширок рурален развој, заштита на животната средина и обновување на природата.

## Заштитени подрачја на природата

Република Северна Македонија има воспоставено и одржува систем на заштитени подрачја заради заштита на биолошката разновидност, геодиверзитетот и пределите усогласени со категоризацијата на Меѓународната унија за заштита на природата (IUCN). Заштитените подрачја вклучуваат строг природен резерват/подрачје на дивина, национален парк, споменик на природата, парк на природата, заштитен предел и повеќенаменско подрачје. Националниот систем на заштитени подрачја вклучува 86 подрачја на површина од 230 083 хектари, што е приближно 8,9 % од територијата на државата. Националните паркови зафаќаат околу 4,5 %,

---

[26] *FAO. 2023. Analysis of land abandonment and development of agricultural land markets in the Republic of North Macedonia – Conclusions and policy recommendations (TCP/MDLC/3802).*

[27] *МЗШВ. 2012. Национална Стратегија за консолидација на земјоделското земјиште во Република Македонија за периодот од 2012-2020 година со оперативен план.*

[28] *FAO. 2015. Pilot evaluation: Land consolidation in Konya Region, Cumra District, villages Inli and Dinlendik (2014-2015) – Final Report.*

[29] *Hartvigsen, M. 2019. FAO support to land consolidation in Europe and Central Asia during 2002-2018 - Experiences and way forward. Land Tenure Journal/Revue des Questions Foncières/Revista sobre Tenencia de la Tierra 1/19. Rome/Roma, 15 pp.*

споменициte на природата околу 3,0 %, додека сите други категории на заштитени подрачја зафаќаат околу 1,4 % од територијата на државата[30]. Две заштитени подрачја, Преспанското и Дојранското Езеро се признати според Рамсарската конвенција поради нивното значење како живеалишта за водни птици.

Заштитените подрачја се соочуваат со закани од различни сектори како шумарство, земјоделство, енергетика, транспорт, индустрија, рударство, градежништво, туризам и др.

Земјоделството, особено претставува ризик за биолошката разновидност поради напуштањето на традиционалните начини на искористување на ливадите и пасиштата, што резултира со промена на пределот и загуби во биолошката разновидност.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство има значајна улога во спречувањето на заканите за биолошката разновидност кои произлегуваат од земјоделството преку заштита и одржливо користење на шумите, регулирање на ловот и риболовот, развојот на органското земјоделство, заштитата на агробиодиверзитетот, руралниот развој, заштита од болести и штетници, како и управување и консолидација на земјоделското земјиште[31].

## 2.2. Анализа на опкружувањето (СВОТ анализа)

Анализата на опкружувањето преку SWOT методологијата овозможува систематска проценка на факторите што влијаат врз процесот на консолидација на земјиштето во Северна Македонија. Оваа анализа ги идентификува силните страни и потенцијалите на земјата во оваа област, но и слабостите и ризиците кои можат да го забават или ограничат спроведувањето на политиките за консолидација.

Акцент се става на можностите што произлегуваат од процесот на консолидација на земјиштето. Преку зајакнување на продуктивноста и конкурентноста на земјоделските стопанства, консолидацијата може значително да придонесе за одржлив рурален развој, зголемување на ефикасноста на земјоделското производство и подобрување на земјоделската инфраструктура (пристапни патишта, системи за наводнување и одводнување). Дополнително, примената на повеќенаменска консолидација овозможува интеграција на јавни проекти за адаптација на климатските промени, обновување на природата, заштита на животната средина и изградба на инфраструктура од стратешко значење.

Иако постојат административни предизвици и законски недоследности, како сложени административни процедури, недостатоци во законската рамка и ограничен институционален капацитет,  можностите за развој на механизмите за финансирање, подобрување на правната рамка и усогласување со другите инструменти на земјишната политика создаваат основа за унапредување на процесот.

SWOT анализата ја нагласува потребата од стратешко искористување на овие можности за успешно спроведување на политиките и програмите за консолидација, со јасна хоризонтална поврзаност со националните приоритети, ризиците и предизвиците во областа на консолидацијата на земјиштето.

| **СИЛНИ СТРАНИ** | **СЛАБОСТИ** |
|---|---|
| • Земјоделството е клучен приоритет во економската политика на Владата, при што консолидацијата на земјиштето е идентификувана | • Тековниот пристап за постапка за консолидација на земјиште по принципот на распределба без промена на границите има |

[30] *МЖСПП, 2018. Национална Стратегија за Заштита на Природата (2017-2027), стр.77.*
[31] *Ibid.*

| | |
|---|---|
| како интервентна политика за постигнување конкретни цели наведени во НСЗРД 2021-2027<br>• Земјата има целосно оперативна правна рамка која го регулира процесот на консолидација на земјиштето<br>• Воспоставено водечко тело за процесот на консолидација на земјиштето надлежно за управување и спроведување на Националната програма за консолидација на земјиште<br>• Развиен основен технички и административен капацитет за спроведување на постапки за консолидација на земјиштето на терен, и на јавно и на приватно ниво<br>• Обезбеден механизам за финансирање за консолидација на земјиштето преку Националната програма за рурален развој, надополнет со активности финансирани од донатори<br>• Земјата има собрано позитивни искуства и знаења од веќе спроведените постапки за консолидација на земјиштето | ограничувања и треба дополнително да се развива<br>• Процедурите за иницирање проекти за консолидација на земјиште и усвојување на плановите за распределба се долги<br>• Административните процедури го ограничуваат вклучувањето на други приватни субјекти, освен сертифицираните геодетски компании, во теренските активности за консолидација на земјиштето<br>• Инструментите на земјишната политика (закуп и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост и консолидација на земјиште) не се целосно синхронизирани со законската рамка која го регулираат управувањето со земјоделското земјиште<br>• Во правната рамка недостигаат одредби за вклучување на шумско земјиште во постапките за консолидација на земјиштето<br>• Во правната рамка недостигаат одредби за овозможување приватизација на земјоделското земјиште во државна сопственост преку постапки за консолидација на земјиштето<br>• Недостаток на технички капацитет на Секторот за консолидација на земјиште во МЗШВ за планирање на распределба, проценка на земјиштето и правни прашања |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| • Зајакнувањето на продуктивноста и конкурентноста на земјоделските стопанства преку консолидација на земјиштето може значително да придонесе за руралната економија, руралниот развој и подобрена обезбеденост со храна<br>• Примената на повеќенаменска консолидација на земјиштето може да го олесни спроведувањето на јавни проекти поврзани со: адаптација и ублажување на климатските промени, обнова на природата, заштита на животната средина и изградба на инфраструктура од големи размери, како што се автопати и железници<br>• Зголемувањето на земјоделските стопанства, олеснето преку постапките за консолидација на земјиштето, може да ја подобри продуктивноста, конкурентноста и ефикасноста на земјоделските стопанства<br>• Подобрувањето на помошната инфраструктура (пристапни патишта, наводнување, одводнување) интегрирано со подобрување на структурите на земјоделските стопанства може дополнително да | • Промената на владата може да доведе до промени во политичките приоритети<br>• Скептичен став и сè уште слаба свест за консолидација на земјиштето кај земјоделците<br>• Неповолни социјални и економски услови во руралните средини како што се депопулација, стареење на руралното население и имиграција на младите, ниски приходи од земјоделството итн.<br>• Засилена побарувачка за пренамена на земјоделско во градежно земјиште<br>• Нерешени законски права на сопственост поради нерешени наследни права и неформални трансакции меѓу сопствениците на земјоделско земјиште<br>• Сè уште релативно слаби пазари за земјоделско земјиште<br>• Недостаток на земјоделски кредитни линии кои би поддржале откуп на дополнително земјиште по поволни услови |

| | |
|---|---|
| го подобри земјоделското производство<br>• Напуштеното земјиште може да се врати во производство преку спроведување на постапки за консолидација на земјиштето<br>• Спроведување на повеќенаменски постапки за консолидација на земјиштето може да придонесе за постигнување на не-земјоделските цели за заштита на природата, изградба на големи инфраструктурни проекти, адаптација на климатските промени итн.<br>• Зголемената продуктивност и конкурентност на шумарскиот сектор може да се подобрат преку инструментот за консолидација на земјиштето<br>• Приватизацијата на државното обработливо земјиште за цели на консолидација на земјиштето може да ги подобри димензиите и структурите на земјоделските стопанства, да придонесе против напуштањето на земјиштето и да го поттикне развојот на пазарот на земјиште<br>• Понатамошното развивање на пристапот за постапка за консолидација по принципот на распределба без промена на границите до неговиот целосен потенцијал, може да го зголеми интересот за консолидација на земјиштето кај земјоделците и влијанието на инструментот<br>• Можностите за финансирање можат да се прошират преку развивање на механизми за други државни институции да финансираат/ кофинансираат постапки за консолидација за посебни цели, различни од земјоделските<br>• Консолидацијата на земјиштето може да ги замени долгите и скапи процедури за експропријација, обезбедувајќи дека активните земјоделци ќе бидат надоместени со друго земјиште | • Земјоделството не е атрактивно за помладата популација |

## 2.3. Резултати од спроведувањето на консолидација на земјоделско земјиште во Северна Македонија

Следните поглавја ги анализираат досега постигнатите резултати во областа на консолидацијата на земјиштето, вклучувајќи ја законската и институционалната рамка, подигањето на свеста и активностите за градење капацитети, како и имплементацијата на проектите за консолидација на земјоделското земјиште во Северна Македонија. Тие го опфаќаат стратешкиот период од првата национална стратегија за консолидација на земјоделското земјиште за период 2012 – 2020 год., но и периодот потоа до почетокот на 2025 год. Анализата на постигнатите резултати е спроведена во рамките на проектот: “Унапредување на консолидацијата на земјиштето во Северна Македонија” (GCP/MCD/008/EC) со финансиска поддршка од ЕУ и ФАО на барање на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Прилог I дава преглед на постигнатите резултати од Оперативниот план на активности во рамките на Стратегијата за консолидација на земјоделско земјиште 2012-2020, изготвена со поддршка на Холандската агенција за управување со земјиштето и водите (DLG) и Холандската развојна агенција (SNV Macedonia). Тој претставува независна оценка на планираните наспроти остварените резултати, добиени преку спроведените мерки и активности, како и нивната корист.

## 2.3.1. Национална стратегија за консолидација на земјоделското земјиште 2012-2020

Со цел да се започне со спроведување на консолидација на земјиштето, во 1990 година беше донесен Закон за комасација на земјиштето во Социјалистичка Република Македонија непосредно пред распадот на Југославија. Предвидените процедури го следеа истиот пристап применет во другите републики на поранешна Југославија. Меѓутоа само еден проект беше започнат во Северна Македонија како пилот проект, но не беше финализиран поради неизвесната политичка ситуација, а Законот за комасација од 1990 година беше укинат во 2008 година.

Структурните проблеми во земјоделството и структурата на земјоделските стопанства карактеризирана со прекумерна расцепканост на земјиштето и мали земјоделски стопанства, како и потребата за подобрена земјоделска инфраструктура, како рурални патишта, наводнување и одводнување, доведоа до повторно пројавување на политички интерес за консолидација на земјиштето во Северна Македонија во средината на 2000-тите години.[32]

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со техничка поддршка од Кралството Холандија, разви Национална стратегија за консолидација на земјоделското земјиште за периодот 2012–2020 година, која беше усвоена во март 2012 година, како основа за надминување на расцепканоста на земјиште и окрупнување на земјоделските стопанства со цел подобрување на продуктивноста и конкурентноста на земјоделскиот сектор.

Според Стратегијата за 2012 година, стратешката цел на консолидацијата на земјоделското земјиште во Северна Македонија беше:

*,,Ублажување, до постепено надминување на неповолната структура на земјоделското земјиште како основен ресурс за економските активности во руралните средини во насока на зголемување на конкурентноста на македонското земјоделско производство, подобрување на условите за живот во руралните средини и обезбедување на одржлива употреба на природните ресурси “.*[33]

Специфичните цели на стратегијата беа главно насочени на имплементација на инструментот за консолидација на земјиштето за развој на земјоделството, иако беа разгледани и некои можности за искористување на инструментот за неземјоделски цели. Стратегијата, исто така, ја препозна консолидацијата на земјоделското земјиште како активност од јавен интерес, што е основа за формулирање на јавната политика и развојот на Национална програма за консолидација на земјиште. Таа ги следеше принципите наведени во „Доброволните упатства

---

[32] *Hartvigsen, M., Mitic-Arsova, K., Gorgan, M. and Georgievski, K. 2023. Lessons learned from the introduction of land consolidation in North Macedonia during 2014-2023. Budapest.*

[33] *МЗШВ. 2012. Национална Стратегија за консолидација на земјоделското земјиште во Република Македонија за периодот од 2012-2020 година со оперативен план, стр. 36-37.*

за одговорно владеење и располагање со земјиштето, аквакутура и шумите во контекст на националната обезбедност со храна“[34], особено принципот дека учесниците во постапките за консолидација на земјиште мора да имаат иста или подобрена вредност на земјиштето по консолидацијата.

Стратегијата од 2012 година воведе три видови на консолидација на земјиштето: i) индивидуална консолидација, ii) доброволна консолидација (распределба без промена на границите) и iii) комплексна консолидација (распределба со промена на границите) на земјиштето[35]. Во контекст на стратегијата, индивидуалната консолидација подразбира нормални трансакции на пазарот на земјиште (продажба, размена и закуп), што доведува до поголеми земјишни парцели и стопанства. Доброволната консолидација на земјиштето вклучува само учесници кои се согласуваат со планот за распределба на земјиштето и во стратегијата на овој пристап се гледа како инструмент за решавање на локални проблеми од релативно мал обем. Комплексната консолидација на земјиште се предвидува за решавање на посложени проблеми, на пример, со учество на многу учесници (обично во консолидациони подрачја со големина над 100 ха) и често со цел подобрување на земјоделската инфраструктура во подрачјето каде се спроведува.

За да се овозможи спроведување на политиките за консолидација на земјиштето, во 2013 година беше донесен Закон за консолидација на земјоделско земјиште и беше формиран Секторот за консолидација на земјоделско земјиште, размена и идентификација на земјишни парцели при МЗШВ. Законот овозможува спроведување на консолидација на земјиште преку два различни пристапи: распределба со промена на границите – каде што квалификувано мнозинство од сопствениците на земјиштето во консолидационото подрачје го усвојува Планот за распределба и консолидација со распределба без промена на границите каде со Планот за распределба се сложуваат сите сопственици кои учествуваат во постапката.

Во 2014 година, консолидацијата на земјиштето исто така беше препознаена како клучен политички приоритет во Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2014-2020 год.

Националната стратегија за консолидација на земјоделско земјиште за периодот 2012-2020 година беше основа на политиката за консолидација на земјиште и Националната програма за консолидација на земјиште до 2025 година (иако формално важеше до крајот на 2020 година).

### 2.3.2. Искуства од консолидацијата на земјиште во текот на 2014 – почеток на 2025 година (имплементација на терен)

Во 2013 година, МЗШВ побара техничка помош од ФАО за поддршка на спроведувањето на Националната стратегија за консолидација на земјоделското земјиште. Како одговор, ФАО финансираше и спроведе проект за техничка поддршка насловен: „Поддршка за формулирање и спроведување на Национална програма за консолидација на земјиштето“. Главната цел на проектот, во периодот од 2014 до 2017 година, беше да се процени и тестира новоусвоената законска рамка за консолидација на земјиште во две пилот подрачја и да се обезбедат правни и оперативни препораки засновани на пилот-искуствата пред да се започне со проширување

[34] *FAO. 2022. Voluntary Guidelines on the Responsible Governance of Tenure of Land, Fisheries and Forests in the Context of National Food Security. First revision. Rome.*

[35] *МЗШВ. 2012. Национална стратегија за консолидација на земјоделското земјиште во Република Македонија за период од 2012-2020 година со оперативен план.*

на инструментот за консолидација на земјиштето во целосно оперативна Национална програма за консолидација. Главните заклучоци од овој проект беа дека Законот за консолидација на земјоделско земјиште од 2013 година обезбеди почетна правна основа за започнување и спроведување на постапки за консолидација на земјиште во земјата, но предвидените постапки во законот не беа доволно усогласени да обезбедат непречена и оперативна имплементација.[36]

Последователниот проект за техничка помош: „Воведување на Национална програма за консолидација на земјиштето" (МЕИНЛЕНД), финансиран од Европската Унија и ФАО, а имплементиран од ФАО, имаше за цел да обезбеди поддршка на МЗШВ во спроведувањето на Националната програма за консолидација на земјиштето преку развивање на експертиза и зајакнување на националните капацитети за консолидација на земјиштето. Основната компонента на проектот МЕИНЛЕНД беше спроведување на постапки за консолидација на земјиште и вклучи активности во сите три фази од консолидацијата во согласност со препораките на Правниот водич за консолидација на земјиштето изготвен од ФАО[37] – i) утврдување на оправданоста за консолидација на земјиште, ii ) Планирање на распределбата на земјоделското земјиште и технички дизајн за подобрување на локалната земјоделска инфраструктура и iii) Регистрација на новоформираните земјишни парцели и изградба и рехабилитација на земјоделска инфраструктура.

Теренската имплементација на инструментот за консолидација на земјиштето за секоја од фазите претставени подолу обезбеди вредни искуства за понатамошно вклучување на инструментот во стратешкиот период 2025-2035 година.

## Повеќекритериумска проценка на национално ниво

Во 2017 година беше спроведена повеќекритериумска проценка ширум земјата за да се идентификуваат најсоодветните подрачја за консолидација на земјиштето во Северна Македонија врз основа на претходно одредени критериуми. Во регионите идентификувани како најпогодни за консолидација на земјиштето се започна со кампања за подигнување на јавната свест, пред да се започне со повиците за изразување интерес од локалните заедници за консолидација на земјиштето.

[36] *Hartvigsen, M., Mitic-Arsova, K., Gorgan, M. and Georgievski, K. 2023. Lessons learned from the introduction of land consolidation in North Macedonia during 2014-2023. Budapest.*

[37] *Versinskas, T. et al. 2020. Legal guide on land consolidation – Based on regulatory practices in Europe. FAO Legal Guide No. 3. Rome.*




*Слика 4 Најпогодни подрачја за консолидација на земјиштето врз основа на повеќекритериумска проценка спроведена на национално ниво*

Резултатите од проценката низ целата земја се прикажани на картата (*Слика 4)* каде потемните бои укажуваат на поголем потенцијал за консолидација на земјиштето. Сепак, битно е да се напомене дека еден многу важен критериум не можеше да биде вклучен во повеќекритериумската проценка, а тоа е интересот на сопствениците на земјиштето и земјоделците вклучени во консолидацијата на земјиште. Ова е особено важно со оглед дека консолидацијата на земјиштето треба да биде водена од интересот, и истата не може успешно да се спроведе без силна потреба и интерес на учесниците. Ова беше земено предвид во фазата на утврдување на оправданоста за спроведување на консолидација на земјиштето [38].

## Студии за оправданост за консолидација на земјиште

Врз основа на повеќекритериумската проценка и по два круга на повици за изразување интерес меѓу заинтересираните заедници, во текот на 2017-2018 година беа идентификувани вкупно 21 потенцијални консолидациони подрачја како прелиминарно погодни за имплементација на постапки за консолидација на земјиштето.

По процесот на селекција, спроведувањето на првата фаза од процесот на консолидација на земјиштето (оцена на оправданоста преку подготовка на студии за оправданост) беше спроведена во 14-те најперспективни проектни подрачја. Студиите за оправданост беа подготвени во два круга во текот на 2018-2019 година и подрачјата за кои истите беа подготвени се прикажани на *Слика 5*.

Од вкупно 14 подрачја каде што беше оценувана оправданоста за консолидација на земјиштето, по индивидуалните интервјуа со сите идентификувани сопственици на земјиштето,

[38] *Hartvigsen, M., Mitic-Arsova, K., Gorgan, M. and Georgievski, K. 2023. Lessons learned from the introduction of land consolidation in North Macedonia during 2014-2023. Budapest.*

во 11 подрачја беше оценето дека консолидација е оправдана, во 2 подрачја беше утврдено дека консолидација е условено оправдана, додека за само едно подрачје се утврди дека консолидација на земјиштето е неоправдана. Причините поради кои подрачјето беше оценето негативно вклучуваат, меѓудругото, голем број случаи со нерешени имотно-правни прашања или тековни судски процеси, голем број недостапни или починати сопственици на земјиште и тековна изградба на инфраструктурни проекти од голем обем, кои би влијаеле на структурата на земјиштето во регионот. Дополнително, препорачаниот пристап за консолидација на земјиштето за 12 подрачја беше консолидација со распределба со промена на границите, додека само за две подрачја беше препорачана консолидација со распределба без промена на границите. Интервенциите за консолидација на земјиштето во фазата на утврдување на оправданоста за консолидација опфатија приближно 4.600 хектари земјоделско земјиште и вкупно 6.500 сопственици на земјиште [39].




*Слика 5 Четрнаесет студии за оправданост за консолидација на земјиштето спроведени во рамките на проектот МЕИНЛЕНД 2017-2022 година.*

## Фаза на планирање на распределбата на земјиште

Втората и најважна фаза во процесот на консолидација е планирањето на распределбата на земјиштето. Оваа фаза вклучува проценка на вредноста на земјиштето и планирање на консолидацијата на земјишните парцели, со цел нивно окрупнување и подобрување на нивната форма како би станале посоодветни за земјоделско производство и со подобар пристап до земјоделска инфраструктура. Планирањето за подобрување на земјоделската

[39] *Hartvigsen, M., Mitic-Arsova, K., Gorgan, M. and Georgievski, K. 2023. Lessons learned from the introduction of land consolidation in North Macedonia during 2014-2023. Budapest.*

инфраструктура (пристапни патишта, системи за наводнување, одводнување и друго) се прави како интегрален дел од процесот на планирање на распределбата.

Во Северна Македонија, фазата на распределба во постапките за консолидацијата на земјиште во текот на 2014 – поч. 2025 година започна во единаесет подрачја и досега резултираше со успешна подготовка и усвојување на Плановите за распределба од страна на сопствениците на земјиштето во осум подрачја како што е прикажано на *Слика 6* и неусвоени планови во две подрачја (до почеток на 2025 година). Се имплементираа двата пристапи за консолидација на земјиштето (консолидација по принципот на распределба со промена на границите и консолидација по принципот на распределба без промена на границите) со вклучување на 2.800 сопственици на земјиште и над 3.000 хектари[40].




*Слика 6 Осум усвоени планови за распределба на земјиштето во Северна Македонија (јануари 2025 год)*

Консолидацијата на земјиштето со промена на границите во Егри беше првата целосно завршена постапка за консолидација по принципот на распределба со промена на границите во Северна Македонија (види *Слика 7*). Просечната големина на парцелите во Егри се зголеми за фактор од 3,42, а земјоделската инфраструктура во подрачјето беше исто така значително подобрена. Во консолидационото подрачје Дабјани (види *Слика 8*), каде исто така се спроведе постапка за консолидација по принципот на распределба со промена на границите, просечната големина на парцелите се зголеми за фактор од 4,83. Оваа постапка е исто така значајна затоа што се очекува да резултира со враќање на околу 200 хектари обработливо земјоделско земјиште, кое било неискористено со децении, назад во процесот на земјоделско производство, и дава одличен пример за тоа како консолидацијата на земјиштето може да придонесе кон справување со напуштеното земјиште. Во постапките со распределба со

[40] *Ibid.*

промена на границите во Трн, Логоварди и Оптичари, просечната големина на парцелата се зголеми за фактор помеѓу 2,2 и 3,2. Просечната големина на парцелите во последниот план за распределба во Чифлик, усвоен во 2024 година, се зголеми за 2,74 пати. Северна Македонија ги имаше првите практични искуства со повеќенаменска консолидација на земјиштето во постапките во Логоварди и Оптичари. Тука консолидацијата на земјиштето, освен за развој на земјоделството, вклучи и други приоритети како обезбедување на земјиште во приватна сопственост за изградба на автопатот од Битола до грчката граница и изградба на топловод за градот Битола (види *Слика 9*).




*Слика 7 Првата постапка за консолидација на земјиште по принципот на распределба со промена на границите во Егри, усвоен во јануари 2020 год.*




*Слика 8 Постапка за консолидација на земјиште по принципот на распределба со промена на границите во Дабјани, усвоен во јануари 2022 год.*




*Слика 9 Планиран експресен пат од Битола до грчката граница и гасовод што минува преку Логоварди*

Додека законската постапка за консолидација по принципот на распределба со промена на границите беше тестирана и успешно имплементирана во осум подрачја, спроведувањето на постапките за консолидација со распределба без промена на границите сè уште не го

достигнале својот целосен потенцијал и истите се очекува дополнително да се развиваат во периодот 2025-2035 година[41].

## Регистрација на правото на сопственост по консолидацијата на земјиштето и градежни работи

По усвојувањето и административното одобрување на Планот за распределба, третата и последна фаза од спроведувањето на постапките за консолидација на земјиштето опфаќа регистрација на правото на сопственост согласно новата состојба на земјишните парцели по распределбата. Во Северна Македонија, Планот за распределба се запишува во Катастарот на недвижности како единствен План со геодетски елаборат за посебни намени и Решение за консолидација од Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство како основа за запишување. Паралелно се врши околчување (утврдување на мерите и границите) на новите земјишни парцели, со воведување во владение на новите сопственици на терен, а се изготвува и техничка документација за изградба на планираните зафати во наводнување, одводнување и земјоделска патна мрежа по завршување на уписот во Катастарот на недвижности[42].

Заклучно со почеток на 2025 година, во Катастарот на недвижности беа впишани четири, а во тек се постапки за упис на уште четири Планови за распределба.

Постапките за консолидација на земјиштето со распределба со промена на границите вклучија и Планови и Дизајн за подобрување на земјоделската инфраструктура, овозможувајќи поефективно планирање на користењето на земјиштето, подобрени системи за наводнување и одводнување и пристапни патишта. Целосно изградените и/или Плановите за изградба на инфраструктурата во консолидационите подрачја каде е усвоен Планот за распределба за консолидација на земјиштето со промена на границите се дадени во *Табела 3:* Преглед на планираната и изградена инфраструктура во проектите со промена на границите (Извор: МЗШВ, 2025)(заклучно со почеток на 2025 година).

| **Консолидационо подрачје** | **Инфраструктурен дизајн** | **Вид на инфраструктура** | **Градежни работи** |
|---|---|---|---|
| Егри | завршено | - Пристапни/сервисни патишта<br>- Одводни канали<br>- Наводнување | завршено |
| Дабјани | завршено | - Пристапни/сервисни патишта<br>- Премин на канал<br>- Пропуст | завршено |
| Трн | завршено | - Пристапни/сервисни патишта<br>- Одводни канали | - 2025 |
| *Чифлик* | Во тек | - Пристапни/сервисни патишта<br>- Одводни канали<br>- Наводнување | - 2025/2026 |
| Логоварди | завршено | - Пристапни/сервисни патишта<br>- Одводни канали | - 2026 |
| Оптичари | завршено | - Пристапни/сервисни патишта<br>- Одводни канали | - 2027 |

*Табела 3: Преглед на планираната и изградена инфраструктура во проектите со промена на границите (Извор: МЗШВ, 2025)*

[41] *Hartvigsen, M., Mitic-Arsova, K., Gorgan, M. and Georgievski, K. 2023. Lessons learned from the introduction of land consolidation in North Macedonia during 2014-2023. Budapest.*

[42] *Hartvigsen, M., Mitic-Arsova, K., Gorgan, M. and Georgievski, K. 2023. Lessons learned from the introduction of land consolidation in North Macedonia during 2014-2023. Budapest.*

### 2.3.3. Правна рамка за консолидација на земјиштето

Врз основа на меѓународните добри практики, МЗШВ систематски ја подобрува правната рамка за консолидација на земјиштето, првпат усвоена во 2013 година во рамки на стратешкиот период 2013 - 2020 година.

Во 2013 година, МЗШВ подготви Закон за консолидација на земјоделско земјиште врз основа на принципите поставени во Националната стратегија за консолидација на земјоделско земјиште за периодот 2012–2020 година. Одредбите од Законот првично беа тестирани преку техничката поддршка на ФАО за МЗШВ за консолидација на земјиштето во текот на 2014–2017 година. Изготвениот извештај за правна оцена како резултат на оваа активност послужи како основа за измени и дополни на Законот за консолидација на земјоделско земјиште. Измените на Законот подготвени во рамки на проектот МЕИНЛЕНД беа усвоени од Собранието на Република Северна Македонија во мај 2018 година. Ова овозможи да се започне теренска имплементација на постапките за консолидација. Измените на правната рамка од 2018 година воведоа значителни подобрувања во однос на регулирањето на процесот на консолидација, вклучувајќи: i) задолжителни студии за оправданост пред формалното отпочнување на процесот на консолидација (распределбата) на земјиштето, ii) формирање на административни тела во МЗШВ и iii) спроведување на теренските активности за консолидација со поддршка од страна на регистрирани вршители на работи во функција на консолидација на земјиште од приватниот сектор. Подобреното законодавство, исто така, вклучи неколку заштитни механизми кои се однесуваат на недостапни или починати сопственици на земјиште, стварни права на другите носители на права (на пр. хипотекарните доверители) и правата на сопственост на нерегистрираните сопружници како заеднички сопственици на имотот стекнат во брак. Беа воведени одредби кои гарантираат праведен и транспарентен процес на проценка на вредноста на земјиштето и методи за вклучување на земјоделското земјиште во државна сопственост во процесот на консолидација, како и одредби за поедноставување на некои од административните процедури. Беа исто така, изготвени или изменети и дополнети подзаконските акти за операционализација на консолидацијата на земјиште во врска со проценката, формирањето на регистар на вршители на работи во функција на на консолидација на земјиште и формата и содржината на геодетскиот елаборат за посебни намени за консолидација на земјиште.

Тестирањето на законските одредби траеше од 2018 година па се до финализирањето на првиот круг на постапки за консолидација на земјиштето. Иако е важно да се нагласи дека не се идентификувани поголеми пречки за процесот, одредбите на Законот постојано се предмет на проценка во насока на понатамошно поедноставување и доуредување на одредени аспекти од процесот на консолидација на земјиштето, како и воспоставување врски со регулаторната рамка за приватизација на државното земјоделско земјиште и враќање на напуштено земјиште во производство. Идните измени и дополнувања би помогнале да се насочи и оптимизира процесот на консолидација на земјиштето, во поглед на проширување на целите во функција на воведување и искористување на консолидацијата на земјиште како повеќенаменски инструмент, поедноставување на административните аспекти и доуредување на постапката за консолидација на земјиштето без промена на границите.

### 2.3.4. Институционална рамка, одговорни тела и засегнати страни

Управата за консолидација на земјиштето, предвидена во Стратегијата за консолидација на земјоделско земјиште за периодот 2012 - 2020 година, чија предвидена улога беше да управува повеќе активности поврзани со консолидација на земјиштето и општо управување со земјиштето, не е воспоставена. Наместо Управа, МЗШВ формираше Сектор за консолидација на земјоделско земјиште, размена и идентификација на земјишни парцели во 2013 година, да

дејствува како водечко тело за спроведување на консолидација на земјиштето. Во рамките на Секторот формирано е Одделение за консолидација на земјиштето. Заклучно со декември 2023 година, Секторот има вкупно 14 вработени, од кои тројца припаѓаат на Одделението за консолидација на земјиштето.

Во согласност со Законот за консолидација на земјоделско земјиште, за секое консолидационо подрачје се формира Комисија за консолидација на земјиштето. Оваа комисија ја надгледува имплементацијата, организира јавни увиди, постапува по забелешки добиени од сопствениците на земјиштето и подготвува предлог одлуки за распределба на земјиштето во име на МЗШВ.

За да се обезбеди партиципативен пристап, исто така, се формираат тела од страна на сопствениците на земјиштето и земјоделците во согласност со законската рамка. Додека собранието на учесници ги вклучува сите учесници во консолидацијата и е одговорно за донесување одлуки и усвојување на Планот за распределба од страна на сопствениците по пат на гласање (во постапки со распределба со промена на границите), Одборот на учесници во консолидацијата на земјиштето е помало и помалку формално тело чија главна цел е да го олесни спроведувањето на постапката за консолидација и да се координира со Комисијата за спроведување на постапката за консолидацијата на земјиштето.

Дополнително, во 2023 година, МЗШВ формираше Постојана советодавна група (ПСГ) со цел да обезбеди, во согласност со добрата меѓународна практика, вклучување на засегнатите страни на ниво на национална програма, стабилна основа за континуирани дискусии за политиката за консолидација на земјиштето, искуства и научени лекции од имплементацијата од првиот круг спроведени постапки за консолидација на земјиштето. Покрај МЗШВ, номинирани членови во ПСГ се и претставници од Агенцијата за катастар на недвижности, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, Градежниот факултет Скопје, Факултетот за земјоделски науки и храна, Министерството за транспорт, Министерството за животна средина и просторно планирање, земјоделски и граѓански организации.

### 2.3.5. Јакнење на капацитетите

Зајакнувањето на техничките и административните капацитети на МЗШВ (на централно и регионално ниво), релевантните јавни агенции и приватните геодетски компании со експертска помош од ФАО беа едни од главните напори на проектот МЕИНЛЕНД и од клучно значење за обезбедување одржливост на консолидацијата на земјиште во претходниот стратешки период во Северна Македонија. Вкупно 600 учесници од релевантните институции и приватниот сектор присуствуваа на 34 специјализирани обуки во текот на 2017-2022 година кои покриваа различни аспекти од консолидацијата на земјиште[43]. Понатаму, беа спроведени обуки во тек на работа и практичен пристап „учење преку искуство“ за вработените во МЗШВ и за геодетските компании кои се вршители на работи во функција на консолидација на земјиштепри теренската имплементација на постапките за консолидација на земјиштето. Беа изработени и детални технички процедури за селекција на консолидациони подрачја, подготвување на Студии за оправданост за консолидација на земјиште, Планови за распределба на земјиштето и Технички проекти за изградба и рехабилитација на земјоделска инфраструктура во консолидационите подрачја. Сепак, заклучно со 2023 година, Секторот за консолидација на земјоделско земјиште, размена и идентификација на земјишни парцели при МЗШВ сè уште има недостаток од правна експертиза, Географски информациски систем (ГИС), геодезија и

[43] *FAO 2024. Analysis of the implementation of the National Strategy on Agricultural Land Consolidation in the period 2012-2022 (unpublished report)*

партиципативно планирање, како и потреба од дополнителни човечки ресурси и развој на капацитетите, додека приватниот сектор има високи перформанси во геодетските работи, но се покажа со пониски перформанси во другите активности поврзани со идентификација на имотно-правни проблеми, проценка на земјиштето, познавања од областа на земјоделството и особено во однос на мобилизирање на учесниците и во олеснувањето на преговорите со и помеѓу сопствениците на земјиштето за да се најдат најпогодни решенија при распределбата на земјиштето[44].

### 2.3.6. Подигање на јавната свест

Подигнувањето на свеста преку јавни кампањи, работилници, локални состаноци со земјоделци, ТВ и радио интервенции и широк спектар на активности за комуникација беа спроведени од МЗШВ со поддршка на ФАО за да се зголеми свеста, разбирањето и интересот за консолидација на земјиштето кај земјоделските сопственици, земјоделците и другите клучни засегнати страни и да се искомуницира како Европската Унија, ФАО и МЗШВ работат заедно за да го поддржат спроведувањето на консолидацијата на земјиштето во Северна Македонија.

Беа одржани преку 300 посети на терен, настани и состаноци за да се подигне свеста и да се ангажираат засегнатите страни. Користени се различни алатки за комуникација како што се соопштенија за печат, брошури, билтени, видеа и онлајн гостувања. Овие напори резултираа со широко медиумско покривање со повеќе од 1.000 објави и радио преноси[45].

## 2.4. Проблеми, предизвици и научени лекции од консолидацијата на земјоделско земјиште во Северна Македонија

Консолидацијата на земјоделското земјиште во Северна Македонија претставува важен инструмент за модернизација на земјоделството и унапредување на руралниот развој. Иако земјата постигна значителен напредок во последната деценија, процесот на консолидација на земјоделско земјиште сеуште се соочува со предизвици кои бараат континуирано подобрување на политиките, законодавната рамка и институционалните капацитети.

**Предизвици поврзани со законската рамка**

Првата национална стратегија за консолидација на земјиштето од 2012 година овозможи вградување на инструментот во националните политики. И покрај донесувањето на Законот за консолидација во 2013 година, пилот-проектите во Егри и Конче покажаа дека законската рамка не е целосно функционална во пракса. Законодавната рамка беше изменета во 2018 година, но сè уште не е целосно усогласена со потребите на постапките за консолидација на земјиште. Потребни се дополнителни измени со цел поедноставување на процедурите, проширување на целите на консолидацијата за примена на повеќенаменска консолидација и подобрување на консолидацијата по принципот распределба на земјиштето без промена на границите.

**Предизвици поврзани со инструментите на консолидација**

[44] *FAO 2024. Analysis of the implementation of the National Strategy on Agricultural Land Consolidation in the period 2012-2022 (unpublished report)*

[45] *FAO 2024. Analysis of the implementation of the National Strategy on Agricultural Land Consolidation in the period 2012-2022 (unpublished report)*

Поголемиот дел од постапките за консолидација се спроведуваат по принципот распределба на земјиштето со промена на границите кои при распределбата на земјиштето вклучува и подобрување на локалната земјоделска инфраструктура. Сепак, постигнувањето на 70% квалификувано мнозинство кај постапките со промена на границите честопати е тешко, особено во подрачјата со голема фрагментираност на сопственоста, различни интереси на засегнатите страни или пак неспремност за промени. Иако консолидација по принципот распределба на земјиштето без промена на границите дава поголема флексибилност во поглед на подготвеноста на сопствениците на земјиште да учествуваат во постапката, нејзината примена досега беше ограничена на помали проекти. Тековната постапка за консолидација по принципот распределба на земјиштето без промена на границите во Пелагонија се очекува да го развие и прикаже потенцијалот на консолидацијата на земјиште без промена на границите во наредниот стратегиски период 2025-2035.

**<u>Употреба на државно земјиште во постапки за консолидација</u>**

Државното земјиште, кое е 40% од обработливата површина, досега ги задоволуваше потребите за распределба, вклучувајќи и развој на земјоделска инфарстуктура во постапките за консолидација. Во иднина, за поголеми проекти од јавен интерес како пошумување или проекти за зачувување на шумите, постојното државно земјиште може да не е доволно, и во такви случаи, ќе биде потребно откупување на земјиште од приватните сопственици. Ова може да бара нови механизми како воведување на „земјишна банка“, механизми за обештетување и соработка со приватните сопственици.

Дополнително, приватизацијата на мали и расцепкани државни парцели може да одигра клучна улога во остварување на една од главните цели на консолидацијата за зголемување на земјоделските стопанства. Преку овозможување на малите земјоделци да стекнат дополнително земјиште во постапките за консолидација, ќе се поддржи трансформацијата на расцепканите земјоделски стопанства во поодржливи и попродуктивни единици. Во последната деценија се преземени повеќе иницијативи за искористување на потенцијалот на државното земјиште преку приватизација. Затоа е потребно подобрување на процедурите за приватизација на мали и расцепкани државни парцели, како дел од консолидациските постапки, и вакви законски измени се планирани во блиска иднина.

**<u>Капацитети за имплементација</u>**

И покрај поддршката од ФАО, градењето на техничките и административните капацитети кај институциите и приватниот сектор се покажа како долготраен и тежок процес, земајќи ја предвид мултидисциплинарната природа на консолидацијата на земјиште, но и честите промени на кадарот во институциите.

Во текот на првата деценија од спроведувањето на консолидацијата на земјиштето во Северна Македонија, и покрај постојаните напори да се изградат потребните капацитети, приватниот сектор ја имаше главната улога во техничките работи и работењето со земјоделците и мобилизирањето на заедниците. Институционалните капацитети сеуште се ограничени во однос на техничката експертиза особено во делот на планирање на распределбата и процена на вредноста на земјиштето. Затоа, препорачливо е развивање на модел на јавно-приватно партнерство, со главна улога на МЗШВ во надзорот на приватните даватели на услуги, периодично вклучување во спроведувањето на студии за оправданост и планирање на распределбата, и вклучително и соработка со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ за подготовка на наставни содржини за консолидација на земјиштето за идните професионалци.

Со надминување на постоечките предизвици од деценискoто споведување на консолидацијата на земјиштето и целосно интегрирање на повеќенаменскиот пристап за консолидација на земјиште, Северна Македонија е добро позиционирана да ги унапреди своите напори за консолидација на земјиште, служејќи како модел за ефективен земјоделски развој во регионот.

Сепак, остануваат значајни идни предизвици, особено во спроведувањето на големи проекти преку повеќенаменски пристап со цели како што се адаптација кон климатските промени и шумарство. Дополнително, пилотирањето и дефинирањето на соодветни механизми и методологии за примена на постапки за консолидација на земјиште без промена на границите од голем обем останува сложена задача. Ова особено се однесува на градењето капацитети во јавните институции и приватниот сектор, кои сè уште се релативно ограничени и потребно е дополнително зајакнување за да се обезбеди успешно спроведување на планираното проширување на обемот на консолидацијата на земјоделското земјиште во земјава.

# 3. СТРАТЕШКА РАМКА ЗА ПОЛИТИКАТА ЗА КОНСОЛИДАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО ЗА ПЕРИОДОТ 2025-2035

## 3.1. Визија

Визијата на Стратегијата за консолидација на земјоделско земјиште за периодот 2025-2035, со Акциски план е:

*„Република Северна Македонија е земја со ефикасно уредено земјиште, со земјоделските површини кои се рационално користени, економски продуктивни и еколошко одржливи, а младите гледаат перспектива и иднина во земјоделскиот сектор“.*

## 3.2. Приоритетни области, општа цел и посебни цели

**Приоритетна област**

Имајќи предвид дека консолидација на земјиштето како инструмент има витална улога во решавањето на проблемите кои ја намалуваат конкурентноста на земјоделскиот сектор во Република Северна Македонија и исто така има потенцијал да придонесе за поширок рурален развој, заштита на животната средина и зачувување на природата, приоритетната област на Стратегијата за консолидација на земјиштето е:

- *Обезбедување на одржлив економски и локален развој во руралните средини*

Приоритетната област обезбедува рамка за реализирање на општата и посебните цели на стратегијата, придонесувајќи за долгорочна конкурентност, одржливост и рурален развој.

**Општа цел**

*Зајакнување на конкурентноста и продуктивноста на во земјоделството и шумарството со надминување на структурните слабости на земјиштето, поддршка на одржливиот развој и обезбедување на долгорочна еколошка, економска и социјална одржливост во руралните области.*

Другите инструменти за управување со земјиштето, како што се активното управување и приватизацијата на земјоделското земјиште во државна сопственост, олеснувањето на закуп и механизмите за искористување на напуштеното земјиште применети заедно со механизмот на консолидација придонесуваат кон интегрираната политика за земјиште која цели кон исполнување на горенаведените цели во контекст на поширок рурален развој.

**Посебни цели**

За да се постигне општата цел на стратегијата, формулирани се шест посебни цели за примена на инструментот за консолидација на земјиште и за имплементација на постапките за консолидација на земјиштето, и тоа:

***<u>Посебна цел 1: Подобрување на структурата на земјоделските стопанства преку намалување на расцепканоста на земјиштето</u>***

Ублажување на негативните ефекти од неефикасните структури на земјоделските стопанства врз земјоделското производство по пат на консолидација на земјиштето преку:

- Намалување на расцепканоста на земјоделското и шумско земјиште.
- Зголемување на просечната големина на парцелите со земјоделско земјиште.
- Подобрување на формата на земјишните парцели.

Посебна цел 1 опфаќа унапредување на правната рамка преку поедноставување на административните процедури за спроведување на постапките за консолидација на земјиштето, подобрување на механизмите за финансирање преку Програмата на МЗШВ за поддршка на руралниот развој и спроведување на постапки за консолидација по принципот на распределба со промена на границите во Чифлик и без промена на границите во Пелагонија.

Планираната временска рамка за спроведување на активностите е 2025-2026 година. Процесот за иницирање нов избор на консолидациони подрачја за имплементација во втората фаза ќе се одвива во 2029 година, а постапките за консолидација ќе се реализираат во рамките на втората фаза од имплементацијата на Стратегијата (2030-2035).

***<u>Посебна цел 2: Олеснување на процесот на окрупнување на земјоделските стопанства</u>***

Окрупнување и економско зајакнување на земјоделските стопанства ќе се постигне преку:

- Олеснување на интеграцијата на договорите за купопродажба помеѓу приватните сопственици на земјиште во процесот на консолидација на земјиште.
- Искористување на државното земјиште за зголемување на земјоделските стопанства преку процес на прилагодена приватизација.
- Искористување на механизмите за консолидација на земјиштето за враќање на напуштеното земјиште во производство со цел да се зајакне земјоделскиот капацитет, да се зголеми приходот и да се зајакне обезбеденоста со храна на руралното население.

Посебна цел 2 се фокусира на подобрување на управувањето и владеењето со земјоделското земјиште преку подобрување на механизмите за активно користење на државното земјоделско земјиште во постапките за консолидација во функција на подобрување на структурите на земјоделските стопанства. Подобрувањето на правната рамка ќе се одвива во текот на 2025-2027 год.

Дополнително, ќе се спроведува постапка за консолидација по принципот на распределба без промена на границите во Пелагонија, со решавање на приватно-јавната сосопственост на сопствениците на земјиште во текот на 2025 и 2026 год.

***<u>Посебна цел 3: Подобрување на локалната земјоделска инфраструктура</u>***

Честопати неефикасната и застарена земјоделска инфраструктура како лимитирачки фактор врз земјоделското производство во консолидационите подрачја ќе се подобри во процесот на консолидација на земјиштето преку:

- Рехабилитација и изградба на пристапни патишта, системи за наводнување и одводнување и друга земјоделска инфраструктура во зависност од локалните потреби.
- Овозможување подобар пристап на земјоделските стопанства до земјоделска инфраструктура за да се зајакне продуктивноста, ефикасноста и намалувањето на оперативните трошоци.
- Ублажување на негативните ефекти од изградбата на инфраструктура од јавен интерес врз структурата на земјиштето на начин да им се овозможи на земјоделците да го задржат своето земјиште и да го избегнат процесот на експропријација.

Посебна цел 3 се фокусира на развој на земјоделската инфраструктура во консолидационите подрачја со регистрирани планови за распределба на земјиштето, со цел подобрување на условите за земјоделско производство.

Во таа насока, ќе се обезбеди финансиско планирање преку Програмата на МЗШВ за финансиска поддршка на руралниот развој, како и интегрирање на консолидацијата на земјиштето во Програмата за водостопанство во текот на 2026 - 2028 год.

Планирани се активности за изградба на земјоделска инфраструктура во повеќе консолидациони подрачја, меѓу кои Трн, Чифлик, Логоварди и Оптичари, во периодот од 2025 до 2027 година. Дополнително, во Прилепско и Радовишко поле, по спроведени успешни постапки за повеќенаменска консолидација со фокус на заштитата на природните ресурси и прилагодување кон климатските промени, како и регистрација на плановите за распределба, ќе се започне со подобрувањето на локаната земјоделска инфраструктура во периодот 2028-2029 година.

***<u>Посебна цел 4: Примена на повеќенаменска консолидација на земјиште за адаптација и ублажување на климатските промени</u>***

- Овозможување инвестиции во модерни и климатски отпорни системи за наводнување.
- Интегрирање на климатски отпорни практики во земјоделските активности со примена на одржливи земјоделски техники и подобрена структура на земјоделските стопанства.
- Спроведување мерки за ублажување на влијанието на климатските промени врз земјоделската продуктивност.
- Промовирање на употребата на технологија и иновации за подобрување на климатско паметно земјоделство.

Посебна цел 4 се фокусира на спроведување на повеќенаменска консолидација на земјиште во селектирани подрачја, со интегрирани мерки за адаптација кон климатските промени и одржливо управување со природните ресурси. Во таа насока, во периодот 2025-2027 год. ќе се прошири опсегот на целите за консолидација и ќе се подобрат механизмите за активно користење на државното земјоделско земјиште за подобрување на структурите на земјоделските стопанства.

Дополнително, ќе се воспостават механизми за финансирање на различни институции за поддршка на консолидацијата на земјиште за посебни намени, а процесот ќе се интегрира во Програмата за водостопанство.

Во рамките на повеќенаменската консолидација, се планира да се спроведат постапки за консолидација во Прилепско Поле (2026-2028) и Радовишко Поле (2027-2028).

Како дел од долгорочната стратегија, во 2029 година ќе се иницира нов процес за селекција на консолидациони подрачја кои ќе се имплементираат во втората фаза од спроведување на Стратегијата.

***<u>Посебна цел 5: Примена на повеќенаменска консолидација на земјиште за зачувување на природата и заштита на животната средина</u>***

- Поддршка преку спроведување на повеќенаменска консолидација на земјиштето со интегрирани иницијативи за зачувување на природата со цел подобрување на биолошката разновидност и екосистемските услуги.
- Спроведување мерки за заштита на животната средина, вклучително и зачувување на почвата и подобрено управување со водите.
- Надоместување на сопствениците на земјиште и земјоделците за одземеното земјиште во приватна сопственост со доделување на друго земјоделско земјиште заради реализација на проекти од јавен интерес за зачувување на природата и заштита на животната средина. Промовирање на одржливи земјоделски практики кои придонесуваат за економски раст и зачувување на животната средина.

Оваа цел се фокусира на интегрирање на шумската политика со политиката за консолидација на земјиштето и ќе вклучи воспоставување на механизми за координација помеѓу секторите за шумарство и консолидација, ќе изврши законски измени за поддршка на интеграцијата на целите на шумарството и ќе развие програми за обуки за зајакнување на капацитетите на вработените во шумарскиот сектор.

Дополнително, ќе се реализираат активности за подигање на свеста кај сопствениците на приватни шуми за значењето на консолидацијата и примената на одржливи шумарски практики.

Посебната цел 5 ќе вклучи спроведување на повеќенаменска консолидација на земјиште со интегрирани мерки за зачувување на природата и заштитата на животната средина, а консолидационите подрачја ќе бидат избрани врз основа на резултатите од студиите за оправданост.

Посебната цел 5 ќе започне во текот на фаза II од спроведувањето на Стратегијата за консолидација на земјоделско земјиште, односно од 2030 год. натаму кога ќе бидат овозможени потребните услови како што се измена и дополнување на законската рамка за консолидација на земјиштето (проширување на опсегот на целите за консолидација на земјиштето, овозможување на мали и фрагментирани државни парцели во рамки на консолидационото, итн.), воспоставени механизми за финансирање на други институции за имплементацијата на консолидација на земјиште за посебни намена и обезбедени финансиски средства за спроведување на постаки за повеќенаменска консолидација на земјиште.

***<u>Посебна цел 6: Зајакнување на институционалната поставеност и подигање на јавна свест</u>***

Зајакнување на капацитетите на надлежните институции и подигнување на свеста кај засегнатите страни за значењето на консолидацијата на земјиштето преку:

- Унапредување на правната и институционалната рамка за спроведување на постапките за консолидација.
- Зајакнување на капацитетите на јавните институции кои се вклучени во процесот на консолидација на земјоделското земјиште.
- Подигање на јавната свест и информираноста на земјоделците и другите засегнати страни преку јавни настани, стратешка комуникација и различни информативни алатки.

Посебна цел 6 се фокусира на зајакнување на националните институционални капацитети за ефикасно спроведување на процесите на консолидација на земјиште.

Во таа насока, во текот на 2025-2029 год. планирано е воспоставување на Агенција за земјиште како централен орган за управување со процесите на консолидација. Паралелно, ќе се работи

на континуиран развој на капацитетите на Секторот за консолидација на земјоделско земјиште при МЗШВ, како и на јакнење на капацитетите на Агенцијата за катастар на недвижности.

Во периодот 2026-2028 год. планирано е воспоставување на систем за сертификација и обуки за вршители на работи во областа на консолидацијата, а преку соработка со Градежниот факултет ќе се работи на овозможување на едукација на идни професионалци.

Дополнително, методологија за оценка на социо-економските влијанија на процесите на консолидација, со пилот-спроведување во Егри ќе се реализира во текот на 2025 год.

Во периодот 2025-2029 година, ќе се реализираат активности за подигнување на јавната свест за консолидацијата на земјиште преку ефективна комуникација и видливост, а истото ќе продолжи и во текот на втората фаза од имплементацијата на Стратегијата.

Посебните цели ќе придонесат за надминување на сегашните неефикасни структури на земјоделски стопанства, и ќе делуваат во насока на зголемување на опсегот на консолидација на земјиште со цели за справување со климатските промени, рурален развој, зачувување на природата и заштита на животната средина.

## 3.3. Резиме на политиката и активностите за консолидација на земјиште

За да се постигнат општата и посебните цели на Стратегијата, предвидени се низа мерки и активности за имплементација на политиката за консолидација на земјиштето и законските и правни регулативи за претстојниот стратешки програмски период. Овие интервенции директно се надоврзуваат на искуствата и научените лекции во претходниот стратешки период и се насочени кон подобрување на правната и институционалната рамки, со имплементација на проекти кои директно придонесуваат за постигнување на општата и посебните цели.

Спроведувањето на Стратегијата за консолидација на земјоделското земјиште 2025-2035, со Акциски план ќе се реализира преку следните мерки:

- **Намалување на расцепканоста на земјиштето**, за зголемување на продуктивноста и ефикасноста на земјоделските стопанства.
- **Решавање на приватно-јавната сосопственост** за подобрување на управувањето и владеењето со земјоделското земјиште
- **Развој на земјоделска инфарструктура** во консолидационите подрачја со регистрирани планови за распределба на земјиштето
- **Спроведување на повеќенаменска консолидација на земјиште** во селектирани подрачја, вклучувајќи мерки за адаптација кон климатските промени и одржливо управување со природните ресурси
- **Јакнење на националните институционални капацитети** за ефикасно спроведување на процесите на консолидација
- **Подигање на јавната свест** за консолидација на земјиште

За реализација на овие мерки, предвиден е сет на активности кои се подетално опишани во ова поглавје. **Акцискиот план за периодот 2025-2029** ја дефинира поврзаноста на мерките со општата и посебните цели, роковите за нивно спроведување, утврдените показатели,

надлежните органи за имплементација, координација, следење и оценување, како и индикативните трошоци за нивна реализација.

**<u>Активности за консолидација на земјиште за период 2025-2035</u>**

## 3.3.1. Зајакнување на правната рамка

Во текот на првата фаза од претстојниот стратешки период, се очекува дека законодавството за консолидација на земјиштето ќе претрпи втор круг на прилагодувања. Ваквите прилагодувања се насочени кон понатамошно оптимизирање и рационализирање на процесот на консолидација на земјиштето. Клучните области за подобрување вклучуваат:

- Проширување на целите за подобро усогласување со воведувањето и користењето на консолидацијата на земјиште како повеќенаменски инструмент;
- Рационализирање и зголемување на ефикасноста на административните процедури за консолидација на земјиште;
- Воведување механизми за активно користење на земјоделското земјиште во државна сопственост за да се олесни зголемувањето на фармите.

Подолу, подетално се објаснети конкретните области на интервенција, како и посебните цели на Стратегијата кон кои тие придонесуваат.

### 3.3.1.1. Проширување на опсегот на целите за консолидација на земјиште

Целта на консолидацијата на земјиште во Северна Македонија во рамки на Стратегијата за консолидација на земјоделско земјиште 2012 – 2020 година е поврзана со традиционалната цел за консолидација на земјиштето - развој на земјоделството. Сепак, консолидацијата на земјиштето е многустран инструмент кој може да придонесе и кон остварување на други цели покрај развојот на земјоделството. Ваквиот пристап е познат и како повеќенаменска консолидација на земјиштето.

За да се овозможи консолидацијата на земјиштето да стане целосно оперативен повеќенаменски инструмент за управување со земјиште што може ефективно да се користи како алатка за овозможување развој на инфраструктура од јавен интерес, зголемена отпорност на земјоделското производство кон климатски промени и заштита на животната средина, опсегот на целите во Законот за консолидација на земјиште треба да се прошири. Во повеќенаменските постапки за консолидација на земјиштето кадешто за реализација на проекти од јавен интерес е потребно искористување на земјоделско земјиште во приватна сопственост, преку инструментот за консолидација на земјиште, сопствениците на земјиште и земјоделците, за одземеното земјиште може да бидат надоместени со друго земјиште, а во исто време да се подобри структурата на локалните земјоделски стопанства.

Спроведувањето на повеќенаменска консолидација на земјиштето значи дека инструментот, покрај за развој на земјоделството, може да придонесе и за други не-земјоделски цели, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на:

- Прилагодување кон климатските промени
- Ублажување на климатските промени
- Зајакнување на биодиверзитетот
- Зачувување/обновување на природата
- Подобрени услови на животната средина

- Ставање во употреба на напуштеното земјоделско земјиште
- Јавно стекнување на земјоделско земјиште во приватна сопственост за изградба на инфраструктура од големи размери
- Пошумување
- Консолидација на шумски парцели во приватна сопственост
- Подобрено управување со националните паркови

Оваа активност придонесува кон постигнување на посебните цели ПЦ4 и ПЦ5, а нејзината реализација се очекува да биде во текот на фаза I од спроведувањето на Стратегијата. Таа е вклучена во Акцискиот план 2025-2029 (поглавје 6) за спроведување на посебна цел ПЦ4, а истовремено ќе поддржи и реализација на посебна цел ПЦ5, која е планирана за втората фаза од спроведувањето на Стратегијата (2030-2035).

### 3.3.1.2. Рационализирање и зголемување на ефикасноста на административните процедури за консолидација на земјиште

Научените лекции од имплементацијата на постапките за консолидација на земјиште во изминатиот програмски период покажаа дека натамошното рационализирање на административните процедури предвидени со Законот за консолидација на земјоделско земјиште ќе придонесе за побрзо и поефикасно спроведување на теренските активности.

Бидејќи консолидацијата на земјиштето е мулти-дисциплинарен инструмент и вклучените експерти се со различно образование и искуства, вклучително геодети, агрономи и правници, најефикасно ќе биде доколку постапките за консолидација на земјиште се спроведуваат во јавно-приватно партнерство. За таа цел, потребно е проширување на видот на правни субјекти кои ќе вклучат не само овластени геодетски компании, но и други правни субјекти подобни за спроведување на одредени видови теренски активности во консолидацијата на земјиште, а се со цел да се обезбеди потребната флексибилност за поголем опсег на Програмата.

Друга интервенција вклучува прилагодување на постапката за консолидација по принципот на распределба без промена на границите во државата. Консолидацијата по принципот на распределба без промена на границите на земјиштето има голем потенцијал особено во подрачја каде што една до две третини од сопствениците на земјиште се заинтересирани за консолидација, како и во комбинација со приватизација на мали парцели во државна сопственост. Во вакви подрачја, консолидацијата на земјиштето по принципот на распределба со промена на границите не е возможна, бидејќи бара поддршка од најмалку 70 проценти од сопствениците на земјиште.

Правни интервенции во оваа насока би вклучувале:

- Поедноставување на процедурите за започнување и имплементација на постапки за консолидација на земјиште.
- Проширување на типот на подобни субјекти како вршители на работи во функција на консолидација на земјиште за некои од фазите на консолидација на земјиштето.
- Прилагодување на постапката за консолидација по принципот на распределба без промена на границите.

Оваа активност придонесува кон постигнување на посебна цел ПЦ1 и се очекува да биде реализирани во фаза I од спроведувањето на Стратегијата. Нејзината поврзаност со посебната цел и соодветната мерка е дадена во Акцискиот план 2025-2029 (поглавје 6).

#### 3.3.1.3. Подобрување на механизмите за активно користење на земјоделското земјиште во државна сопственост во постапките за консолидација на земјиштето

Земјоделското земјиште во државна сопственост претставува вреден ресурс кој може значително да влијае на севкупниот развој на земјоделскиот сектор доколку правилно се користи во процесот на консолидација на земјиштето. Северна Македонија поседува значителни површини на земјоделско земјиште во државна сопственост, како што е наведено во Поглавје 2, што може да се користи како катализатор на постапките на консолидација на земјиштето. Моменталната законска рамка веќе вклучува одредби за користење на државно земјиште за изградба на земјоделска инфраструктура како дел од постапките за консолидација на земјиштето, а исто така обезбедува можности за закуп на достапното земјиште во државна сопственост како дел од фазата на распределба на земјиштето.

Во новиот стратешки период се предлагаат измени на поширока рамка со која се регулира земјоделското земјиште за да се овозможи приватизација на малите и расцепкани парцели во државна сопственост во рамките на консолидационите подрачја со цел да се олесни окрупнувањето на земјоделските стопанства и развојот на силни комерцијални семејни стопанства, а во исто време да се намали административниот товар на државата за управување со таквото земјиште. Со измените на законската рамка (Закон за земјоделско земјиште, Закон за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост и Закон за консолидација на земјоделско земјиште), ќе се овозможи земјоделците кои учествуваат во постапките за консолидација да можат да купуваат земјиште од државата во рамките на дефинираното консолидационо подрачје, со што ќе се зголемат придобивките од консолидацијата на земјиштето преку окрупнување на земјоделските стопанства.

Законските измени и дополнувања ќе опфатат утврдување правила и процедури за продажба на државно земјиште како дел од фазата за распределба во постапките на консолидација на земјиштето, при што подобни потенцијални купувачи ќе бидат учесниците (сопствениците на земјиштето) во дефинираното консолидационо подрачје. Исто така со измените на правната рамка ќе се осигура подобрување на законските одредби за да се избегне евентуална неусогласеност.

Оваа активност придонесува кон постигнување на посебните цели ПЦ2, ПЦ4 и ПЦ5, а нејзината реализација се очекува да биде во текот на фаза I од спроведувањето на Стратегијата. Таа е вклучена во Акцискиот план 2025-2029 (поглавје 6) за спроведување на посебни цели ПЦ2 и ПЦ4, а истовремено ќе ја поддржи и реализација на посебна цел ПЦ5, која е планирана за втората фаза од спроведувањето на Стратегијата (2030-2035).

### 3.3.2. Зајакнување на институционалната рамка

#### 3.3.2.1. Основање на Агенција за земјиште

Стратегијата за реформа на јавната администрација за периодот 2018-2022 година (РЈА)[46] и новата Стратегија за реформа на јавната администрација (РЈА) за периодот 2023-2030 со Акциски план 2023-2026 година усвоена на 166та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 11 јули 2023 год., предвидуваат Министерството за земјоделство,

[46] *МИОА 2018. Стратегија за реформа на јавната администрација 2018-2022.*

шумарство и водостопанство да биде една од првите институции која учествува во реформата за реорганизација на јавната администрација со главна цел избегнување на преклопување на одговорностите и воспоставување јасни и рационални линии на одговорност. Опсежниот план за ваква реорганизација во МЗШВ меѓудругото опфаќа и формирање на други нови институции, како што е Агенција за земјиште која оперативно би била одговорна за спроведување на целокупната земјишна политика. Формирањето на Агенцијата за земјиште е дел од Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија (2024 – 2028). Додека подготовките за институционални промени во рамките на МЗШВ се во тек, формирањето на таква Агенција дополнително ќе ја развие и зајакне активната земјишна политика во земјата со фокус на следните инструменти за управување со земјиштето:

- Консолидација на земјиште
- Активно користење на земјиштето во државна сопственост и јасно насочена приватизација во постапките за консолидација на земјиште
- Управување со државно земјиште
- Управување со пасишта
- Подобрување и управување на пазарите на земјоделско земјиште

Во рамките на активноста се предвидува изготвување на правни и административни акти за формирање на Агенција за земјиште. Нејзиното формирање бара политички консензус, како и институционални и административни реформи.

Оваа активност придонесува кон постигнување на посебна цел ПЦ6 и се очекува да биде реализирана во фаза I од спроведувањето на Стратегијата. Нејзината поврзаност со посебната цел и соодветната мерка е дадена во Акцискиот план 2025-2029 (поглавје 6).

## 3.3.3. Зајакнување на финансиското и стратешко планирање

### 3.3.3.1. Финансиско планирање преку Програмата на МЗШВ за финансиска поддршка на руралниот развој

Регулаторната рамка предвидува финансирање на спроведувањето на постапките за консолидација на земјиштето со буџетски средства преку Програмата на МЗШВ за финансиска поддршка за руралниот развој, додека подзаконскиот акт „ Дополнителни услови за поддршка од мерки за рурален развој, прифатливи трошоци и висина на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за поединечна мерка“ (Службен весник 124/11) дополнително ја детализира финансиската поддршка преку Мерката 124 за сите фази за реализација на постапки за консолидација на земјиштето.

И покрај тоа што ваквата поставеност за финансирање на консолидација на земјиштето првично беше тестирана во 2018 и 2019 година, механизмот за финансирање за консолидација на земјиштето во рамките на Програмата за финансиска поддршка за рурален развој дополнително ќе се усогласи за:

- да ги земе во предвид подобрувањата на правната рамка и процесот на рационализирање на процедурите за постапките за консолидација на земјиште од административен аспект.
- да се покријат дополнителни активности како што е развој на капацитети кои во моментов не се вклучени. Конкретно, да се обезбедат средства за имплементација на

Програма за сертификација за вршители на работи во функција на консолидација на земјиште која би вклучила задолжителни редовни обуки и сертификација (види Поглавје 5.5).

Оваа активност придонесува кон постигнување на посебните цели ПЦ1 и ПЦ3, а нејзината реализација се очекува да биде во текот на фаза I од спроведувањето на Стратегијата. Таа е вклучена во Акцискиот план 2025-2029 (поглавје 6) за спроведување на посебни цели ПЦ1 и ПЦ3, а се очекува финасиското планирање во рамките на Програмата на МЗШВ да продолжи и во текот од втората фаза од спроведувањето на Стратегијата (2030-2035).

#### 3.3.3.2. Воспоставување механизми за финансирање на други институции со цел финансирање на спроведувањето на консолидација на земјиште за посебни намени

Воведувањето на целосно оперативен инструмент за повеќенаменска консолидација на земјиштето ќе бара проширување на изворите на финансирање, а со тоа и развој на механизми за други државни институции целосно да ги финансираат или ко-финансираат постапките за консолидација на земјиштето за цели различни од земјоделските (изградба на големи инфраструктурни проекти, обновување или заштита на природата, заштита на археолошки локалитети, адаптација кон климатските промени итн.), додека МЗШВ ќе придонесува врз основа на анализа на секој посебен случај и во зависност од елементите на земјоделскиот развој вклучени во конкретни консолидациони постапки. На овој начин МЗШВ ќе осигура дека услугите за консолидација на земјиштето ќе бидат обезбедени за релевантни јавни институции доколку е релевантно и потребно.

Различни институции или агенции можат да имаат корист од таквите механизми со цел да се избегнат долгите и скапи процедури за експропријација, а во исто време ќе се овозможи заштита на земјоделското земјиште кое се користи за производство. Проширувањето на таквите модалитети ќе зависи во голема мера од меѓусекторската соработка и предвидува активен ангажман на МЗШВ и ПСГ за поддршка на вклучувањето на модалитетите за консолидација на земјиштето во оперативните и програмските документи на институциите како што се:

- Управа за водостопанство (како дел од годишните планови за изградба на системите за наводнување)
- Акционерско друштво за води „АД Водостопанство" (годишни планови за рехабилитација на системите за наводнување и климатска заштита)
- Министерство за животна средина и просторно планирање (воспоставување на зони и промени на зоните во заштитените подрачја, проекти за обновување на природата итн.)
- Министерство за транспорт (откуп на земјиште за изградба на јавна инфраструктура од големи размери)
- Јавно претпријатие за државни патишта (изградба на патишта)
- Министерство за економија и труд (проекти од големи размери за енергетска инфраструктура)
- Национални паркови (зачувување на заштитените подрачја)
- Управа за заштита на културното наследство (зачувување на археолошки локалитети)
- Општини (општинска инфраструктура и рурален развој)

Потребно е да се развијат механизми за кофинансирање или целосно финансирање на постапките за консолидација на земјиште од други државни институции, со што ќе се обезбеди

постигнување на цели различни од земјоделскиот и руралниот развој.  Потребно е да се оценат посебните потреби и барања за постапки за консолидација на земјиште на различни институции, вклучително и потреби како што се развој на инфраструктура, заштита на животната средина и адаптација кон климатски промени. Оценката ќе помогне да се утврдат потребите за финансирање на постапките за консолидација и да се идентификуваат потенцијални извори на финансирање. Врз основа на оценката на потребите, треба да се развијат механизми за кофинансирање или целосно финансирање на постапки за консолидација на земјиште од други државни институции, со што ќе обезбеди усогласување не само со земјоделските, туку и со други не-земјоделски цели.

Дополнително, треба да се направат напори за подигање на свеста кај другите државни институции за важноста и придобивките од консолидацијата на земјиштето, истакнувајќи ја нејзината улога во подобрувањето на земјоделската продуктивност, одржливоста на животната средина, одржливото управување со природните ресурси и руралната егзистенција. Треба да се воспостават и тековни механизми за мониторинг и евалуација за да се следи влијанието на механизмите за финансирање и да се обезбеди одговорност и транспарентност во спроведувањето.

Оваа активност придонесува кон постигнување на посебните цели ПЦ4 и ПЦ5, а нејзината реализација се очекува да започне во текот на фаза I од спроведувањето на Стратегијата и да продолжи во наредната фаза. Активноста е вклучена во Акцискиот план 2025-2029 (поглавје 6) за спроведување на посебни цели ПЦ3 и  ПЦ4, а истовремено ќе ја поддржи и реализација на посебна цел ПЦ5, планирана за втората фаза од спроведувањето на Стратегијата (2030-2035).

#### 3.3.3.3. Воспоставување методологија и спроведување на оценка на социо-економските влијанија за постапките на консолидација на земјиште во Егри

Во фаза кога голем број постапки за консолидација на земјиштето се целосно завршени, а со цел во иднина да се носат информирани одлуки, МЗШВ ќе спроведе оценка на социо-економското влијание за консолидација на земјиштето во Егри. Ова дополнително ќе го зајакне целиот процес и ќе овозможи подобра ex-post евалуација на Програмата и Стратегијата, а исто така значително ќе придонесе за подигање на свеста за придобивките од Програмата и постапките за консолидација на земјиште.

Во првата фаза од стратешкиот период, ќе се развие специфична Методологија за спроведување на оценка на социо-економските влијанија во консолидационите подрачја. Идеално, оценката на социо-економското влијание треба да се спроведе најмалку две или три години по финализирањето на постапката за консолидација на земјиштето и кога сопствениците на земјиштето и земјоделците ќе почнат да ги користат новите земјишни парцели.

Проценката на социо-економското влијание е планирано да се изврши во Егри како прв целосно завршен проект за консолидација на земјиште.

Оваа активност придонесува кон постигнување на посебна цел ПЦ6 и се очекува да биде реализирана во фаза I од спроведувањето на Стратегијата. Нејзината поврзаност со посебната цел и соодветната мерка е дадена во Акцискиот план 2025-2029 (поглавје 6).

## 3.3.4. Ефективна комуникација и видливост за подигнување на јавната свест за консолидација на земјиште

Напорите за ефективна комуникација и видливост се од витално значење за успехот на Националната програма за консолидација на земјиштето и новата Стратегија за консолидација на земјиштето. За да се обезбеди успех, од клучно значење е да се информираат земјоделците за придобивките, партиципативниот пристап во процесот на спроведување на консолидацијата и да се одржува транспарентна комуникација со сите засегнати страни. За ефективно да се пренесат суштинските пораки за консолидација на земјиштето на национално ниво, ќе се спроведат различни активности и алатки за комуникација преку користење на социјалните медиуми и преку тесна соработка со националните и локалните медиуми, вклучително:

- Кампањи за подигање на јавната свест на национално и регионално ниво
- Делови на веб-страницата на МЗШВ посветени на консолидација на земјиште
- Информативни работилници и локални информативни состаноци
- Други активности со медиумите (соопштенија за медиуми, летоци, ТВ и радио интервјуа, итн.)

Во текот на целиот период од 2025 до 2035 година, ќе има континуирано спроведување на иницијативи за промовирање на придобивките од консолидација на земјиштето, зајакнување на транспарентноста во спроведувањето и поттикнување активно учество од засегнатите страни во процесот на консолидација на земјиштето.

Оваа активност придонесува кон постигнување на посебна цел ПЦ6 и се очекува да се спроведува континуирано во текот на фаза I и фаза II од спроведувањето на Стратегијата. Нејзината поврзаност со посебната цел и соодветната мерка е дадена во Акцискиот план 2025-2029 (поглавје 6).

## 3.3.5. Јакнење на капацитетите

Континуираниот развој на капацитетите на институциите и експертите вклучени во спроведувањето на постапките за консолидација на земјиштето на терен и управувањето со националната Програма е едно од клучните прашања за успех на Програмата за консолидација на земјиште во земјата. За да се обезбеди одржливост и континуитет на Програмата во вториот стратешки период, од најголема важност е да се осигури дека кога ќе заврши меѓународната техничка помош, вклучените владини институции и субјектите од приватниот сектор ќе го имаат потребниот капацитет за непречено продолжување на сите активности поврзани со спроведувањето на националната Програма за консолидација на земјиштето.

Клучните чинители се: МЗШВ, АКН, Националната Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството, приватниот сектор, членовите и поврзаните институции на членовите на Постојаната советодавна група, земјоделските организации, граѓанските организации и други.

Градењето капацитети е хоризонтално прашање кое придонесува за успешно спроведување на сите активности.

### 3.3.5.1. Континуиран развој на капацитетите на Секторот за консолидација на земјоделско земјиште, размена и идентификација на земјишни парцели при МЗШВ

Секторот за консолидација на земјоделско земјиште, размена и идентификација на земјишни парцели при МЗШВ е водечкото тело за консолидација на земјиштето кое ја има севкупната

одговорност за спроведувањето на Програмата, како и техничките аспекти на политиката и законодавството за консолидација на земјиштето.

Секторот го има потребниот минимален капацитет за успешно управување со Програмата за консолидација на земјиштето, вклучително спроведување на сите аспекти на теренските постапки, како и за да спроведување на долгорочната цел на политиката дефинирана во новата Стратегија за консолидација на земјоделско земјиште. Сепак, потребно е дополнително зајакнување на Секторот за консолидација на земјоделско земјиште, размена и идентификација на земјишни парцели.

Најзабележливи недостатоци во основната експертиза неопходна за спроведување на консолидација на земјиштето и поврзаните политики во Секторот за консолидација се:

- Недостаток на правен технички капацитет поврзан со консолидација на земјиштето и решавање на прашањата за регистрација на земјиштето.
- Недостаток на технички капацитет и искуство поврзано со планирање на распределбата (и во постапката за консолидација по принципот на распределба со промена на границите и во постапката за консолидација по принципот на распределба без промена на границите)
- Недостаток на технички капацитет и искуство во врска со проценка на земјиштето.

Ревизија на кадровскиот план на Секторот за консолидација се планира да се спроведе во Фазата I од стратешкиот период 2025-2035 година, за да се осигури дека Секторот е екипиран со потребната експертиза. На краток рок, алтернатива би можело да биде здружување со академски институции, како Градежниот факултет, или со приватниот сектор (како надворешни ангажирани лица) на кој начин би се обезбедил потребниот капацитет додека се зајакнат капацитетите на МЗШВ.

За да се обезбеди долгорочна одржливост и највисоки технички стандарди на сложени политики поврзани со земјиштето, предвидено е да се воспостави Програма, финансирана од МЗШВ, за континуирана едукација и обука на вработените во Секторот за консолидација на земјоделско земјиште, размена и идентификација на земјишни парцели, но исто така и релевантните професионалци од другите инволвирани институции. Модулите за обука ќе бидат прилагодени на специфичните потреби и улоги на учесниците, со цел да се осигура нивно стекнување со потребни вештини и знаења за да напредуваат во стручните области, дополнети со практични вежби и обуки на работното место.

Од 2002 година, МЗШВ учествуваше на повеќе од 20 регионални работилници, во Европа и Централна Азија, за консолидација на земјиште, банкарство на земјиште, развој на пазарот на земјиште, напуштање на земјиште и сродни технички теми, како дел од LANDNET-регионалната техничка мрежа на професионалци, поддржано од ФАО. Во последниве години, работилниците на ЛЕНДНЕТ редовно имаат повеќе од стотина учесници од повеќе од 30 земји од Европа и Централна Азија, како и често учество од други региони. Целта на ЛЕНДНЕТ и серијата регионални работилници е да се шират добри практики и искуства помеѓу различните земји учеснички. Северна Македонија до сега беше домаќин на три вакви работилници и редовно учествува речиси 20 години. Ваквото континуирано учество и ширење на добри искуства придонесува за поуспешно постигнување на сите стратешки цели и треба да продолжи во текот на стратешкиот период 2025 -2035 година.

Оваа активност придонесува кон постигнување на посебна цел ПЦ6 и се очекува да се спроведува континуирано во текот на фаза I и фаза II од спроведувањето на Стратегијата.

Нејзината поврзаност со посебната цел и соодветната мерка е дадена во Акцискиот план 2025-2029 (поглавје 6).

### 3.3.5.2. Развој на капацитетите на Агенцијата за катастар на недвижности

Агенцијата за катастар на недвижности (АКН), како одговорна институција за регистрација на одобрените Планови за консолидација на земјиштето, веќе има развиено целосен капацитет и искуство за извршување на својата задача во процесот на консолидација на земјиштето. Во текот на претходниот стратешки период, од страна на МЗШВ до АКН беа поднесени пет Планови за распределба за регистрација на новите права на земјиштето и беа развиени внатрешни процедури за регистрација во постапки за консолидација на земјиштето, кои значително се разликуваат од обичните билатерални трансакции со земјиште, кадешто вообичаено еден сопственик продава една или повеќе парцели на еден купувач.

Сепак, со понатамошниот развој на Програмата за консолидација на земјиште во поглен на обем и бројот на консолидациони постапки кои се спроведуваат, АКН ќе треба дополнително да го зајакне својот капацитет за побрза и поефикасна регистрација на постапките за консолидација на земјиште преку организирање обуки и меѓусебна размена на знаење меѓу вработените.

Оваа активност придонесува кон постигнување на посебна цел ПЦ6 и се очекува да се спроведува континуирано во текот на фаза I и фаза II од спроведувањето на Стратегијата. Нејзината поврзаност со посебната цел и соодветната мерка е дадена во Акцискиот план 2025-2029 (поглавје 6).

### 3.3.5.3. Систем за сертификација и обуки за вршители на работи во функција на консолидација на земјиште

Врз база на основните критериуми за подобност за регистрација во Регистарот на подобни вршители на работи (правни лица) во функција на консолидација на земјиште, согласно Законот за консолидација на земјоделско земјиште во 2018 година, а со цел да се обезбеди високо ниво на квалитет и одржливост во активностите за консолидација на земјиштето, во претстојниот стратешки период ќе се воспостави сеопфатен систем за сертификација и обука на вршители на работи во функција на консолидација на земјиштето. Системот за сертификација ќе има за цел да ги подобри знаењата, вештините и капацитетот на вршители на работи во функција на консолидација на земјиште за професионална работа во процесите на консолидација на земјиштето.

Новиот систем за сертификација ќе ги регулира условите за давање услуги за консолидација на земјиште, регистрација и сертификација на вршители на работи во функција на консолидација на земјиште, како и барањата за нивна задолжителна и континуирана обука. Ова барање ќе биде услов за регистрирање и одржување на статусот на регистрирани вршители на работи во функција на консолидација на земјиште. Процесот на сертификација ќе осигури дека вршителите на работи во функција на консолидација на земјиште ги исполнуваат специфичните стандарди и ги поседуваат потребните вештини и знаења за ефективно спроведување на постапките за консолидација на земјиштето.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе биде одговорно тело за воспоставување и одржување на системот за сертификација на вршители на работи во функција наконсолидација на земјиште, со поддршка од специјализирана високообразовна институција.

Активностите за понатамошен развој на системот за сертификација и обука ќе опфатат дефинирање критериуми за сертификација, развивање програми за обука, воспоставување процес на сертификација, спроведување на програми за обука, следење и евалуација на резултатите, водење евиденција за сертификација и редовно разгледување и ажурирање на системот.

Оваа активност придонесува кон постигнување на посебна цел ПЦ6 и се очекува да се спроведува континуирано во текот на фаза I и фаза II од спроведувањето на Стратегијата. Нејзината поврзаност со посебната цел и соодветната мерка е дадена во Акцискиот план 2025-2029 (поглавје 6).

#### 3.3.5.4. Едукација на идни професионалци за консолидација на земјиште

Високообразовните институции имаат важна улога во Програмата за консолидација на земјиштето, така што ќе обезбедат дека идните експерти за консолидација на земјиштето ќе ги имаат основните теоретски знаења за консолидација на земјиштето во моментот кога ќе дипломираат. Соработка помеѓу Секторот за консолидација на земјиште на МЗШВ, проектниот тим на ФАО и Градежниот и Земјоделскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј е веќе воспоставена, овозможено од проектот „Зајакнување на консолидацијата на земјиштето во Северна Македонија“.

Ќе се направат напори да се воведе консолидација на земјиштето како дел од редовните наставни програми поврзани со земјишната администрација и земјоделските политики, било како дел од образовните програми за додипломски или постдипломски студии во високото образование, што ќе обезбеди континуитет на инструментот и достапност на идни професионалци за консолидација на земјиште со технички капацитет и знаење.

Градежниот факултет соработуваше со 13 други универзитети од различни земји во подготовка и објавување на наставни содржини за високо образование за консолидација на земјиште и земјишно банкарство, како дел од проект на ФАО. Во иднина се очекува Градежниот факултет да ја прошири својата веќе постојна наставна програма со содржини за консолидација на земјиштето, вклучително и за магистерски студии. Високообразовните институции во иднина можат да играат важна улога во Програмата за консолидација на земјиштето нудејќи им обука за консолидација на земјиштето на професионалците како дел од пристапот за континуиран професионален развој / доживотно учење.

Високообразовни содржини за консолидација на земјиште за студенти се очекува да бидат подготвени во фаза I од стратешкиот период, а нивната реализација да започне по акредитацијата и да продолжи да се спроведува во текот на фаза II од стратешкиот период.

Оваа активност придонесува кон постигнување на посебна цел ПЦ 6. Нејзината поврзаност со посебната цел и соодветната мерка е дадена во Акцискиот план 2025-2029 (поглавје 6).

### 3.3.6. Синергија со други политики поврзани со консолидацијата на земјиште

#### 3.3.6.1. Интегрирање на консолидацијата на земјиште во Програмата за водостопанство

Со цел зајакнување на климатската отпорност на ранливите земјоделски производители, МЗШВ ќе ја воведе консолидацијата на земјиштето како стандардна практика заедно со изградба на инфраструктура за наводнување и одводнување како дел од специјализираните

Програми за водостопанство. Интеграцијата на инвестициите во наводнувањето и консолидацијата на земјиштето ќе им овозможи на земјоделците поефикасно да се прилагодат на климатските промени.

Со вклучување на консолидација на земјиштето во Програмата за водостопанство, МЗШВ има за цел да го оптимизира користењето на земјиштето, да го подобри управувањето со водите, да ја подобри земјоделската продуктивност и да придонесе за прилагодување кон климатските промени. Овој пристап се усогласува со пошироките цели за одржливо управување со земјиштето и руралниот развој.

Интеграцијата на консолидацијата на земјиштето со Програмата за водостопанство претставува стратешки потег на МЗШВ за подобрување на ефективноста и одржливоста на земјоделските практики.

Интеграцијата на консолидација на земјиштето во Програмата за водостопанство бара координација и внимателно планирање меѓу различните сектори на МЗШВ, АД „Водостопанство“ и нејзините подрачни канцеларии и локалните заедници. Тоа ќе вклучува проценка на потребите за наводнување и одводнување во идентификуваните подрачја за консолидација на земјиштето и вклучување на потребите во Програмата за водостопанство со временските рокови за изградба и буџетски рамки.

Оваа активност придонесува кон постигнување на посебни цели ПЦ 3 и ПЦ 4, а се очекува да се спроведе во текот на фаза I. Нејзината поврзаност со посебната цел и соодветната мерка е дадена во Акцискиот план 2025-2029 (поглавје 6).

#### 3.3.6.2. Интегрирање на шумската политика со политиката за консолидација на земјиштето

МЗШВ дополнително ќе ја развива консолидацијата на земјиштето да се применува и со цел зголемување на продуктивноста и конкурентноста на приватните шуми и како алатка за подобрување на практиките за управување и зачувување на шумите.

За да се постигнат овие цели и да се подобри структурата на шумското земјиште кога тоа е релевантно, МЗШВ ќе воспостави нови механизми за координација и соработка помеѓу секторите за шумарство и консолидација на земјиштето. Дополнително, МЗШВ ќе го измени сегашното законодавство, особено Законот за консолидација на земјоделско земјиште, за подобра поддршка на интеграцијата на целите на шумарството во консолидацијата на земјиштето. Понатаму, ќе има програми за обука и зајакнување на капацитетите за вработените во шумарството за да се подобри нивното разбирање за консолидацијата на земјиштето и нејзините предности за управување со шумите. Напорите ќе бидат надополнети со подигање на свеста кај сопствениците на приватни шуми за значењето на консолидацијата на земјиштето и со промоција на одржливи практики на шумарство.

Оваа активност ќе придонесе за постигнување на посебната цел ПЦ 5, покажувајќи ја посветеноста на МЗШВ за подобрување на практиките за управување и напорите за зачувување на шумите преку интегрирање на консолидација на земјиштето во шумарската политика. Нејзината реализација се очекува да биде во текот на втората фаза од

спроведувањето на Стратегијата и ќе биде вклучена во ажурираниот Акцискиот план 2030-2035.

### 3.3.7. Имплементација на постапки за консолидација на земјиште

За да се обезбеди спроведување на процесите на консолидација на земјиштето во согласност со целите на Стратегијата, МЗШВ предвидува програмирањето на постапките за консолидација, финансирани од Програмата за финансиска поддршка за рурален развој и од донатори, да се одвива во две фази:

- Фаза I (2025-2029)
- Фаза II (2030-2035)

Мерките и активностите за првата фаза се детално прикажани во Акцискиот план 2025-2029, даден во Прилог I, додека активностите за втората фаза ќе бидат вклучени во ажурираниот Акциски план 2030-2035.

Активностите за теренска реализација на проекти за консолидација на земјиштето ќе опфатат:

- Избор на потенцијални подрачја за консолидација на земјиште
- Изработка на Студии за оправданост за консолидација на земјиште
- Имплементација на постапка за консолидација по принципот на распределба со промена на границите
- Имплементација на постапка за консолидација по принципот на распределба без промена на границите
- Имплементација на повеќенаменски проекти за консолидација на земјиштето
- Изградба на помошна земјоделска инфраструктура

Имајќи ги во предвид постојните/планираните ресурси, активности за консолидација на земјиште во периодот 2025-2035 се дадени подолу.:

#### 3.3.7.1. Изградба на земјоделска инфраструктура во консолидационите подрачја Трн, Чифлик, Логоварди и Оптичари

Во првата фаза од стратешкиот период од 2025 до 2029 година, ќе се гради помошна земјоделска инфраструктура во четири консолидациони подрачја: Трн, Чифлик, Логоварди и Оптичари, каде што веќе се усвоени Планови за распределба на земјиштето. Изградбата ќе започне откако новата сопственост на земјишните парцели ќе биде заведена во Агенцијата за катастар на недвижности (АКН). Унапредувањето на земјоделската инфраструктура, која вклучува пристапни патишта и рехабилитација на системи за одводнување во консолидационо подрачје Трн, се очекува да започне во 2025 година, а во следните години ќе се започне со рехабилитација и изградба на пристапни патишта и системи за наводнување и одводнување во Чифлик, Логоварди и Оптичари.

Оваа активност придонесува кон постигнување на посебна цел ПЦ3 и се очекува да биде реализирана во текот на фаза I. Нејзината поврзаност со посебната цел и соодветната мерка е дадена во Акцискиот план 2025-2029 (поглавје 6).

### 3.3.7.2. Спроведување на постапка за консолидација по принципот на распределба со промена на границите во Чифлик

Со тековната поддршка од Европската унија и ФАО, во државата моментално се спроведува постапка за консолидација по принципот на распределба со промена на границите во Чифлик, која се очекува да биде финализирана во текот на 2025 година. Овој проект се надоврзува на воспоставената експертиза во земјата и претставува значаен чекор напред во постапките за консолидација на земјиште.

Оваа активност придонесува кон постигнување на посебна цел ПЦ 1, нејзината реализација е веќе започната и се очекува да биде завршена во текот на 2025 год. Поврзаноста на активноста со посебната цел и соодветната мерка е дадена во Акцискиот план 2025-2029 (поглавје 6).

### 3.3.7.3. Спроведување на постапка за консолидација по принципот на распределба без промена на границите во Пелагонија

Како дел од проектот МЕИНЛЕНД од 2017 до 2022 година, успешно беа реализирани две постапки за консолидација по принципот на распределба без промена на границите. Во фазата I од следниот стратешки период 2025-2029 година е предвидено да се започне со постапка за консолидација по принципот на распределба без промена на границите во Пелагонискиот регион на земјата. Студија за оправданост со цел да се процени изводливоста и трошоците за консолидација на земјиштето во секое подрачје преку анализа на расцепканоста, големината и обликот на парцелите, структурата на сопственост, тековното земјоделско производство и состојбата на инфраструктурата ќе биде изработена пред започнување на постапка за консолидација. Со тоа ќе се утврдат потребите и интересот на сопствениците и нивната подготвеност за учество, како и најсоодветниот пристап за консолидација. Доколку студијата утврди недоволна оправданост, постапката нема да продолжи во тоа подрачје.

Постапка за консолидација по принципот на распределба без промена на границите има за цел да се надоврзе на успесите на претходните постапки и дополнително да ги унапреди практиките за консолидација на земјиштето во земјата.

Активноста придонесува кон постигнување на посебните цели ПЦ 1 и ПЦ 2 и се очекува да биде реализирана во текот на фаза I. Нејзината поврзаност со посебните цели и соодветните мерки е дадена во Акцискиот план 2025-2029 (поглавје 6).

### 3.3.7.4. Спроведување на постапки за повеќенаменска консолидација на земјиште за заштита на природни ресурси и прилагодување кон климатските промени

Со целосно функционален инструмент за консолидација на земјиштето, Северна Македонија е во многу поволна позиција за понатамошен развој на повеќенаменска консолидација на земјиште и во моментов е во фаза на формулирање два проекти каде се предлага да се примени овој инструмент за консолидација на земјиштето. Предложените проекти за консолидација на земјиштето се во Југоисточниот регион (Радовишко поле) и Југозападниот регион (Прилепско поле) на земјата, интегрирани со адаптација кон климатските промени преку рехабилитација на постојниот систем за наводнување кој е во лоша состојба (во моментов има околу 70 % загуби на вода пред да стигне до полињата). Изработката на целосниот предлог-проект ќе зависи од резултатите од студиите за оправданост за регионите на Прилеп и Радовиш, кои ќе проценат дали и по кој принцип е изводливо да се спроведе консолидација на земјиштето во секое од консолидационите подрачја.

Имплементацијата на консолидација на земјиштето ќе вклучи два различни пристапи: повеќенаменска консолидација на земјиште по принципот на распределба со промена на границите - каде што квалификуваното мнозинство од сопствениците на земјиштето во консолидационото подрачје го усвојуваат планот за распределба и по принципот на распределба без промена на границите - каде што сите вклучени трансакции со земјиште се договорени со писмена согласност на сопствениците. Развојот и изградбата на потребната земјоделска инфраструктура за проектите за консолидација на земјиштето, вклучително патишта, системи за наводнување и одводнување и други објекти потребни за поддршка на земјоделските активности ќе се врши во сите постаки за консолидација на земјиштето по принципот на распределба со промена на границите.

Во текот на првата фаза од спроведувањето на Стратегијата 2025-2029 год. ќе бидат изработени студии за оправданост за Прилепско и Радовишко поле врз основа на кои ќе се спроведат постапки за повеќенаменска консолидација со примена на мерки за заштита на природните ресурси и прилагодување кон климатските промени за Прилепско и Радовишко поле. Оваа активност ќе вклучи и изградба на земјоделска инфраструктура (патишта, систем за наводнување и одводнување) во консолидационите подрачја Прилепско поле и Радовишко поле. Изградбата ќе започне по усвојување на Плановите за распределба на земјиштето и по регистрирање на сопственоста на новите земјишни парцели во Агенцијата за катастар на недвижности (АКН).

Во втората фаза од стратешкиот период од 2030 до 2035 година, се очекува да се спроведат најмалку четири студии за оправданост за нови консолидациони подрачја и да се имплементираат две постапки за повеќенаменска консолидација по принципот на распределба со промена на границите, и две постапки за консолидација на земјиште по принципот на распределба без промена на границите. Изборот на консолидационите подрачја ќе биде врз основа на резултатите од студиите за оправданост.

Активноста придонесува кон постигнување на посебните цели ПЦ 1, ПЦ 4 и ПЦ 5 и се очекува да биде реализирана во текот на фаза I и фаза II. Нејзината поврзаност со посебните цели и соодветните мерки е дадена во Акцискиот план 2025-2029 (поглавје 6), а нејзината реализација во текот на втората фаза од спроведувањето на Стратегијата ќе биде дел од ажурираниот Акцискиот план 2030-2035.

### 3.3.7.5. Иницирање на нов процес за селекција на консолидациони подрачја за имплементација во фаза II

До крајот на првиот период на имплементација 2025-2029 година, новиот процес на селекција на консолидациони подрачја ќе биде организиран на ниво на целата држава за да се изберат потенцијални консолидациони подрачја. Конкретните региони ќе бидат таргетирани врз база на анализата направена од МЗШВ и врз основа на однапред дефинираните принципи: i) подготвеност на локалните заедници да спроведат консолидација на земјиштето, ii) оправданост на потребите за таков процес, iii) очекувано влијание врз пошироката локална заедница итн. Ќе бидат опфатени и земени предвид квалитативните фактори, како што се подготвеноста на локалните заедници за спроведување на консолидација на земјиштето, оправданоста на потребите за таков процес, очекуваното влијание врз пошироките локални заедници и други детали пред да се донесе конечната одлука за продолжување со имплементацијата.

Четирите фокус региони ќе бидат избрани имајќи го предвид изразениот интерес на локалните заедници во изминатиот период како и идентификувањето на регионите со потенцијал за консолидација на земјиштето кои беа недоволно застапени во претходниот период. Изборот

на консолидационите подрачја ќе биде во согласност со Процедурата за селекција на подрачја развиени во рамките на проектот МЕИНЛЕНД.

Новиот процес за селекција на консолидациони подрачја ќе ги идентификува проектите што треба да се спроведат во фаза II од стратешкиот период, од 2025 до 2035 година, обезбедувајќи продолжување на програмата за консолидација на земјиштето на терен.

Оваа активност придонесува кон постигнување на посебните цели ПЦ4 и ПЦ5 и се очекува да биде реализирана во текот на фаза I. Нејзината поврзаност со посебните цели и соодветните мерки е дадена во Акцискиот план 2025-2029 (поглавје 6).

# 4. РАМКА ЗА СЛЕДЕЊЕ, ОЦЕНУВАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

Стратегијата за консолидација на земјоделско земјиште (СКЗЗ) за периодот 2025-2035 година, како што беше спомнато, е усогласена со принципите на Националната развојна стратегија (НРС) 2024-2044. Таа ги интегрира секторските цели, обезбедува координација меѓу релевантните чинители и поддржува одржлив развој преку почитување на принципите наведени во „Доброволните упатства за одговорно владеење и располагање со земјиштето, аквакутура и шумите во контекст на националната обезбедност со храна“[47].

## 4.1. Табеларен приказ на показателите на успешност

Табеларен приказ на показателите на успешност на ниво на резултат, исход и ефект – рамка на показатели поврзани со приоритетните области, општата и посебните цели заедно со почетната, преодната и крајната вредност за секој од утврдените показатели е даден во Прилог II.

## 4.2. Начин на прибирање на податоците  и мерење на показателите на успешност

МЗШВ, Секторот за консолидација на земјоделско земјиште, размена и идентификација на земјишни парцели е задолжен за прибирање на резултатите и мерење на показателите на успешност. Прибирањето и анализата на информации за реализацијата на мерките и активностите и вредностите на показателите, органот на државната управа ги спроведува еднаш годишно.

За прибирање на податоците, МЗШВ, Сектор за консолидација на земјоделско земјиште, размена и идентификација на земјишни парцели тесно соработува со вршители на работи во функција на консолидација на земјиште, со органите на државната управа кои се надлежни во соодветните области, со универзитетите, институциите, организациите на граѓанското општество, меѓународните организации вклучени во спроведувањето на мерките и активностите и други соодветни тела.

Изворите на информации се изготвени документи од страна на вршителите на работи во функција на консолидација на земјиште, или документи добиени од надлежни институции, како студии за оправданост, планови за распределба на земјиштето, основни проекти за изградба на инфраструктура, записници, владини одлуки, решенија, имотни листови, извештаи и други релевантни документи кои се точно утврдени за секој показател на успешност прикажан во Прилог II.

МЗШВ врши обработка и анализа на прибраните податоци и за истите има формирана база на податоци во електронска форма.

## 4.3. Надлежни органи задолжени за спроведување, следење, оценување и известување и органи кои учествуваат во процесот на следење, оценување и известување

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) е одговорна институција за имплементацијата на Стратегијата за консолидација на земјоделско земјиште

[47] FAO. 2022. Voluntary Guidelines on the Responsible Governance of Tenure of Land, Fisheries and Forests in the Context of National Food Security. First revision. Rome.

(СКЗЗ) за периодот 2025-2035 година во тесна соработка со Постојаната советодавна група за консолидација на земјиште (ПСГ). МЗШВ, Сектор за консолидација на земјоделско земјиште, размена и идентификација на земјишни парцели го следи навременото спроведување на мерките и активностите согласно акцискиот план и во однос на остварувањето на општата и посебните цели.

ПСГ е основана како мултисекторско тело со формална одлука на МЗШВ на 08 февруари 2023 година, составено од претставници на клучните релевантни институции, академски заедници, граѓански организации и професионални здруженија. ПСГ има советодавна улога и служи како постојано тело за оценка на напредокот на имплементацијата на Стратегијата и постигнатите резултатите. Притоа, осигурува соодветна распределба на функциите на Министерството и другите вклучени страни, како и координација меѓу институциите за ефективно спроведување на политиката за консолидација и вклучување на сите засегнати страни.

## 4.4. Постапка и динамика на известување и оценување на постигнатите резултати

МЗШВ, како одговорна институција за консолидација на земјоделско земјиште, редовно ќе следи и известува за имплементацијата на Стратегијата и Акцискиот План преку годишни извештаи за напредокот, кои ќе се подготвуваат не подоцна од еден месец по завршувањето на тековната година, во формат кој е во согласност со Образец 6 и Образец 7 од Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторски и повеќесекторски стратегии (Службен Весник на Република Северна Македонија бр.122/2022).

При подготвувањето на Нацрт-извештајот, МЗШВ, Сектор за консолидација на земјоделско земјиште, размена и идентификација на земјишни парцели соработува со одговорните субјекти и со другите органи задолжени за спроведување на акцискиот план и истиот го доставува на разгледување и одобрување до ПСГ до крајот на јануари во наредната година.

ПСГ врши преглед на извештаите, дискутира за напредокот во постигнувањето на целите и дава предлози за подобрување. По доставени забелешки од страна на ПСГ, МЗШВ, Сектор за консолидација на земјоделско земјиште, размена и идентификација на земјишни парцели го ревидира нацрт-извештајот. Нацрт извештај за напредокот во спроведувањето на акцискиот план врз основа на прибраните податоци за показателите на успешност, претходно одобрен од ПСГ, се доставува од страна на МЗШВ до Генералниот секретаријат на Владата најдоцна до крајот на февруари во наредната година.

Образецот за анализата и прибирање на податоците за вредноста на показателите е даден во Прилог II.

## 4.5. Механизми за координација

За ефикасно спроведување на Стратегијата за консолидација на земјоделско земјиште (2025–2035), воспоставени се јасни координациски механизми со вклученост на релевантни институции и засегнати страни. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ), поточно Сектор за консолидација на земјоделско земјиште, размена и идентификација на земјишни парцели ја има водечката улога во имплементацијата на Стратегијата.

ПСГ која има советодавна улога го следи напредокот на имплементацијата, постигнувањето на општата и посебните цели, врши оценка на резултатите и предлага насоки и препораки за подобрување.

Соработката помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) и Постојаната советодавна група за консолидација на земјиште (ПСГ) се темели на јасно дефинирани улоги, редовна комуникација и заедничка посветеност кон спроведувањето на Стратегијата за консолидација на земјоделско земјиште.

МЗШВ како надлежна институција ги иницира, води и координира активностите предвидени со Стратегијата и Акцискиот план, додека ПСГ има советодавна улога и служи како форум за стратешко планирање, дискусија и следење на напредокот. Редовни состаноци на ПСГ ќе се одржуваат најмалку еднаш годишно, по потреба и почесто, по иницијатива на МЗШВ или ПСГ.

Овој механизам обезбедува континуирана двонасочна комуникација, транспарентност и навремено делување, со што се гарантира доследно и ефикасно спроведување на политиката за консолидација на земјоделско земјиште.

# 5. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Спроведувањето на националната програма за консолидација на земјиште вклучува ризици кои може да произлезат од институционални, правни, социо-економски и технички фактори. Овие ризици се анализирани врз основа на нивното потекло и потенцијалното влијание врз процесот на спроведување. Точната идентификација и управување со ризиците се клучни за успешно спроведување и постигнување на целите.

## 5.1. Ризици кои би можеле да влијаат врз спроведувањето и постигнувањето на општата и посебните цели

Преку консултации, анализи и работилници со засегнатите страни, како и од претходните искуства со спроведувањето на постапки за консолидција на земјиште на терен, идентификувани се следниве клучни ризици:

- Прашања поврзани со регистрација на земјиште го кочат процесот на консолидација
- Недостаток на интерес кај сопствениците на земјиште да учествуваат во консолидација на земјиште
- Технички и административни предизвици поврзани со регистрацијата на планот за распределба во Агенцијата за катастар на недвижности поради судски постапки, и други слични прашања
- Недостаток на доволно финансиски средства за спроведување на програмата за консолидација
- Развој на земјоделството по цена на природа и животна средина

## 5.2. Мерки за справување со ризиците

Мерките за справување со горенаведените ризици се прикажани во табелата подолу:

*Табела 4: Клучни ризици за спроведување на Стратегијата за консолидација на земјоделско земјиште 2025-2035*

| Бр. | Ризик | Веројатност на | Влијание на ризикот | Мерки за справување со ризикот |
|---|---|---|---|---|

| | | настанување | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Прашања поврзани со регистрација на земјиште го кочат процесот на консолидација | среден | мал | Внимателен избор на проекти, интеграција на специфични процедури и вклучување на правна експертиза<br>Обезбедување на соодветна координација и соработка помеѓу МЗШВ и Агенцијата за катастар на недвижности |
| 2 | Недостаток на интерес кај сопствениците на земјиште да учествуваат во консолидација на земјиште | мал | мал | Внимателен избор на потенцијални подрачја за консолидација на земјиште (фокус на подрачја со голем интерес од сопствениците на земјиште), детална проценка на интересот на сопствениците на земјиште за време на студијата за оправданост, Партиципативен/отворен процес на планирање, следење на работата на вршители на работи во функција на консолидација на земјиште , правни механизми за осигурување дека принципот „ барем исто толку добро “ е правилно применет |
| 3 | Технички и административни предизвици поврзани со регистрацијата на планот за распределба во Агенцијата за катастар на недвижности поради судски постапки, и други слични прашања | среден | среден | Соодветна имплементација на процедурата за консолидација како партиципативно планирање и вклучување на сите релевантни чинители во процесот, јавни увиди, административни правни лекови (жалби и забелешки) и правилна примена на правилата и принципите за распределба на земјиштето и гласање на планот. |
| 4 | Недостаток на доволно финансиски средства за спроведување на програмата за консолидација | среден | среден | Развивање на различни механизми за финансирање, подобрување на планирањето за националното финансирање (програма за рурален развој и програма за водостопанство), воспоставување механизми за финансирање на други институции, јасни договори со донатори за обезбедување одржлива финансиска поддршка за спроведување на НСКЗЗ. Поставување реални цели и временска рамка за период од 10 години,  механизми за спроведување на редовен мониторинг и подготовка на планови за справување со потенцијални доцнења и минимизирање на нивното влијание. |
| 5 | Развој на земјоделството по | мал | мал | Внимателен избор на потенцијални подрачја за консолидација на земјиште, примена на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | цена на природа и животна средина | | | постапка за еколошки скрининг за изградба на инфраструктура планирана во рамки на проектите на консолидација |

## 5.3. Начин на ревидирање на акцискиот план

Акцискиот план за првиот петгодишен период за спроведување на Стратегијата (2025-2029) заедно со роковите за спроведување на мерките и активностите, утврдените показатели и нивните вредности се дадени во Поглавје 6. За да се обезбеди континуитет во планирањето на спроведувањето на Стратегијата, МЗШВ навремено, пред истекот на тековниот, односно до крајот на 2029 год., ќе го подготви акцискиот план кој ќе го опфати наредниот временски период 2030-2035 год. и притоа ќе ги ревидира роковите за спроведување на мерките и активностите, и вредностите на утврдените показатели на ниво на резултат, исход и ефект за наредниот временски период заедно со трошоците за спроведување на мерките и активностите.

Акцискиот план ќе се ажурира само доколку се идентификуваат значајни отстапувања во динамиката на спроведувањето или очекуваните резултати, или ако дојде до значителни промени во условите и околностите, а се однесува само на редефинирање на активностите и нивните рокови, под услов да поминале најмалку две години од неговото усвојување. При тоа, визијата, општата и посебните цели ќе останат непроменти.

# 6. АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА 2025-2029

Акцискиот план подолу го утврдува рамковниот пристап за спроведување на првата фаза од Стратегијата за консолидација на земјиште 2025–2029. Овој индикативен план служи како патоказ за постигнување на стратешките цели дефинирани во оваа фаза. Акцискиот план за спроведување на вториот петгодишен период на Стратегијата (2030-2035), заедно со анализата на ризици, ќе биде подготвен пред завршувањето на првиот петгодишен период. Согласно предвидените мерки и активности за наредниот период, вредностите на утврдените показатели ќе бидат ревидирани во 2029 година.

<table>
<tr><td colspan="8">АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА КОНСОЛИДАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ<br>ЗА ПЕРИОД 2025-2029 ГОДИНА</td></tr>
<tr><td colspan="4">ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ: Обезбедување на одржлив економски и локален развој во руралните средини</td><td colspan="4">ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА:<br>Национална развојна цел: Зајакнување на конкурентноста и развојот на земјата преку функционален и иновативен екосистем, усовршување на вештините, знаењето, вклученоста и отпорноста на граѓаните”.<br>Стратешки области:<br>- Одржлив локален и регионален развој што обезбедува кохезија<br>- Демографска ревитализација и социјален и културен развој<br>- Зелена трансформација<br>види дел: Вовед</td></tr>
<tr><td colspan="4">Општа цел: Зајакнување на конкурентноста и продуктивноста на земјоделството и шумарството со надминување на структурните слабости на земјиштето, поддршка на одржливиот развој и обезбедување на долгорочна еколошка, економска и социјална одржливост во руралните области.</td><td colspan="4">Показател на ефект:<br>• Вкупно хектари на консолидирано земјиште<br>• Број на сопственици на земјиште/учесници вклучени во постапки на консолидација<br>• Стапка на окрупнување[48]</td></tr>
<tr><td colspan="4">Посебна цел 1: Подобрување на структурата на земјоделските стопанства преку намалување на расцепканоста на земјиштето</td><td colspan="4">Показател на исход:<br>• Хектари на консолидирано земјиште по принципот на консолидација со промена на границите и консолидација без промена на границите</td></tr>
<tr><td>Мерки</td><td>Активности</td><td>Водечки орган<br>Други органи</td><td>Почетен датум (квартал)</td><td>Планиран датум на извршување (кваратал)</td><td>Проценка на потребните средства (во мкд)</td><td>Извор на финансирање</td><td>Показател на резултат (поврзан со мерката/ активноста)</td></tr>
</table>

[48] Соодност помеѓу просечната големина на парцела пред консолидација и по консолидација

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Намалена расцепканост на земјиштето за зголемување на продуктивноста и ефикасноста на земјоделските стопанства | <u>Активност 3.3.1.2:</u> Рационализирање и зголемување на ефикасноста на административните процедури за консолидација на земјиште | МЗШВ, Сектор за консолидација на земјиште | III квартал, 2025 | IV квартал, 2027 | во рамки на тековни активности | Не се потребни дополнителни финансиски средства | - стапка на намалување на расцепканоста на земјиштето по сопственик[49]<br>- број на планови за консолидација на земјиште по принципот на распределба СО и БЕЗ промена на границите |
| | <u>Активност 3.3.3.1:</u> Финансиско планирање преку Програмата на МЗШВ за финансиска поддршка на руралниот развој (усогласување со новата правна рамка, поедноставените процедури и финансирање на дополнителни активности) | МЗШВ, Сектор за рурален развој | III квартал, 2025 | IV квартал, 2026 | во рамки на тековни активности | Буџет на МЗШВ, Програма за рурален развој | |
| | <u>Активност 3.3.7.2:</u> Имплементација на постапка за консолидација по принципот на распределба со промена на границите во Чифлик | Вршители на работи во функција на консолидација согласно Закон за консолидација на земјоделско земјиште[50] со техничка поддршка од ФАО | II квартал, 2025 | IV квартал, 2025 | 1,300,000[51] | Финансирање од донатори (ЕУ и ФАО) | |
| | <u>Активност 3.3.7.3:</u> Спроведување на постапка за консолидација по принципот на распределба без промена на границите во Пелагонија (консолидација на земјиште во | Вршители на работи во функција на консолидација согласно закон со техничка поддршка од ФАО | II квартал, 2025 | II квартал, 2026 | 19,200,000 | Програма за техничка помош (ФАО) | |

[49] Соодност помеѓу бројот на парцели пред консолидација и бројот на парцели по консолидација по сопственик

[50] Вршители на работи во функција на консолидација се трговци поединци, овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи регистрирани во Регистарот на вршители на работи во фунција на консолидација кој се води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопансто (МЗШВ) согласно Законот за консолидација на земјоделско земјиште (Службен Весник на РСМ бр. 187/13, 83/18)

[51] Планот за распределба за Чифлик е изготвен и усвоен во октомври 2024, процесот на регистрација е планиран за 2025 год.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Пелагонија) | | | | | | |
| | Активност 3.3.7.5: Иницирање на нов процес за селекција на консолидациони подрачја за имплементација во фаза II (селекција на подрачја за консолидација по принципот на распределба СО и БЕЗ промена на границите) | МЗШВ, Сектор за консолидација на земјиште | I квартал, 2029 | IV квартал, 2029 | во рамки на тековни активности | Буџет на МЗШВ/Програма за рурален развој | |
| **Посебна цел 2: Олеснување на процесот на окрупнување на земјоделските стопанства** | | | | **Показател на исход:**<br>• Хектари на напуштено земјиште вратено во производство | | | |
| Решавање на приватно-јавната сосопственост за подобрување на управувањето и владеењето со земјоделското земјиште | Активност 3.3.1.3: Подобрување на механизмите за активно користење на земјоделското земјиште во државна сопственост во постапките за консолидација на земјиштето за подобрување на структурите на земјоделските стопанства (окрупнување) | МЗШВ, Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост | III квартал, 2025 | IV квартал, 2027 | во рамки на тековни активности | Не се потребни дополнителни финансиски средства | - број на сопственици со решена сопственост врз земјоделско земјиште во претходна сосопственост со државата |
| | Активност 3.3.7.3: Спроведување на постапка за консолидација по принципот на распределба без промена на границите во Пелагонија (решавање на приватно-јавната сосопственост врз земјоделското земјиште) | Вршители на работи во функција на консолидација согласно закон со техничка поддршка од ФАО | II квартал, 2025 | II квартал, 2026 | 4,800,000 | Програма за техничка помош (ФАО) | |
| **Посебна цел 3: Подобрување на локалната земјоделска инфраструктура** | | | | **Показател на исход:**<br>• Број на консолидациони подрачја со подобрена земјоделска инфраструктура | | | |
| Развој на земјоделска инфарструктура во | Активност 3.3.3.1: Финансиско планирање преку Програмата на МЗШВ за | МЗШВ, Сектор за рурален развој | III квартал, 2025 | IV квартал, 2026 | во рамки на тековни активности | Буџет на МЗШВ, Програма за | - километри на рехабилитирани и |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| консолидационите подрачја со регистрирани планови за распределба на земјиштето | финансиска поддршка на руралниот развој (изградба на земјоделска инфраструктура) | | | | | рурален развој | нови земјени патишта за пристап до парцелите<br>- километри на рехабилитирани и нови канали за одводнување, и рехабилитирани и нови системи за наводнување |
| | <u>Активност 3.3.6.1:</u><br>Интегрирање на консолидацијата на земјиште во Програмата за водостопанство во функција на подобрување на локалната земјоделска инфраструктура | МЗШВ, Управа за водостопанство | I квартал, 2026 | IV квартал, 2028 | во рамки на тековни активности | Не се потребни дополнителни финансиски средства | |
| | <u>Активност 3.3.7.1:</u><br>Изградба на земјоделска инфраструктура во консолидационото подрачје Трн | МЗШВ, Сектор за консолидација на земјиште и Сектор за рурален развој | II квартал, 2025 | II квартал, 2025 | 32,000,000 | Буџет на МЗШВ/Програма за рурален развој | |
| | <u>Активност 3.3.7.1:</u><br>Изградба на земјоделска инфраструктура во консолидационото подрачје Чифлик | Вршители на работи во функција на консолидација согласно закон со техничка поддршка од ФАО | IV квартал, 2025 | I квартал, 2026 | 43,000,000 | Финансирање од донатори (ЕУ и ФАО) | |
| | <u>Активност 3.3.7.1:</u><br>Изградба на земјоделска инфраструктура во консолидационото подрачје Логоварди | МЗШВ, Сектор за консолидација на земјиште и Сектор за рурален развој | IV квартал, 2025 | I квартал, 2026 | 42,600,000 | Буџет на МЗШВ/Програма за рурален развој | |
| | <u>Активност 3.3.7.1:</u><br>Изградба на земјоделска инфраструктура во консолидационото подрачје Оптичари | МЗШВ, Сектор за консолидација на земјиште и Сектор за рурален развој | IV квартал, 2026 | I квартал, 2027 | 42,600,000 | Буџет на МЗШВ/Програма за рурален развој | |
| | <u>Активност 3.3.7.4:</u><br>Спроведување на постапки за повеќенаменска консолидација | МЗШВ - Сектор за консолидација на земјиште, техничка | IV квартал, 2028 | IV квартал, 2029 | 1,200,000,000 [52] | ФАО преку глобален вертикален | |

[52] Проектот е во фаза на подготовка заклучно мај 2025 година, а средствата предвидени во Акцискиот план се првична проценка. Деталниот буџет за фазата на оправданост, фазата на распределба и инвестициите во инфраструктурата ќе бидат обезбедени со првиот Годишен извештај.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | на земјиште за заштита на природни ресурси и прилагодување кон климатските промени - изградба на земјоделска инфраструктура во консолидационото подрачје Прилепско Поле | поддршка од ФАО и вршители на работи во функција на консолидација согласно закон | | | | фонд за климатски промени, кофинансирање МЗШВ (Програма за рурален развој и Програма за Водостопанство) | |
| | Активност 3.3.7.4: Спроведување на постапки за повеќенаменска консолидација на земјиште за заштита на природни ресурси и прилагодување кон климатските промени – изградба на земјоделска инфраструктура во консолидационото подрачје Радовишко Поле | МЗШВ, Сектор за консолидација на земјиште со техничка поддршка од ФАО и вршители на работи во функција на консолидација согласно закон | IV квартал, 2028 | IV квартал, 2029 | 330,000,000[53] | ФАО преку глобален вертикален фонд за климатски промени | |
| **Посебна цел 4: Примена на повеќенаменска консолидација на земјиште за адаптација и ублажување на климатските промени** | | | | **Показател на исход:**<br>• Хектари на консолидирано земјиште со примена на повеќенаменска консолидација со мерки за адаптација и ублажување на климатските промени | | | |
| Спроведување на повеќенаменска консолидација на земјиште во селектирани подрачја, вклучувајќи мерки за адаптација кон | Активност 3.3.1.1: Проширување на опсегот на целите за консолидација на земјиште | МЗШВ | III квартал, 2025 | IV квартал, 2027 | во рамки на тековни активности | Не се потребни дополнителни финансиски средства | - број на планови за распределба на земјиште со применета повеќенаменска консолидација со мерки за адаптација и |
| | Активност 3.3.1.3: Подобрување на механизмите за активно користење на земјоделското земјиште во | МЗШВ, Сектор за регистрирање, управување, | III квартал, 2025 | IV квартал, 2027 | во рамки на тековни активности | Не се потребни дополнителни финансиски средства | |

[53] исто

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| климатските промени и одржливо управување со природните ресурси | државна сопственост во постапките за консолидација на земјиштето за примена на мерки за адаптација и ублажување на климатските промени | унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост | | | | | ублажување на климатските промени |
| | <u>Активност 3.3.3.2:</u> Воспоставување  механизми за финансирање на други институции со цел финансирање на спроведувањето на консолидација на земјиште за посебни намени | МЗШВ, Сектор за консолидација на земјиште | I квартал, 2027 | IV квартал, 2029 | во рамки на тековни активности | Не се потребни дополнителни финансиски средства | |
| | <u>Активност 3.3.6.1:</u> Интегрирање на консолидацијата на земјиште во Програмата за водостопанство за примена на мерки за адаптација и ублажување на климатските промени | МЗШВ, Управа за водостопанство | I квартал, 2026 | IV квартал, 2028 | во рамки на тековни активности | Не се потребни дополнителни финансиски средства | |
| | <u>Активност 3.3.7.4:</u> Спроведување на постапка за повеќенаменска консолидација на земјиште за заштита на природни ресурси и прилагодување кон климатските промени - Прилепско поле | МЗШВ, Сектор за консолидација на земјиште со техничка поддршка од ФАО и вршители на работи во функција на консолидација согласно закон | III квартал, 2026 | III квартал, 2028 | 240,000,000[54] | ФАО преку глобален вертикален фонд за климатски промени, кофинансирање МЗШВ (Програма за рурален развој) | |
